Е. Г. Вајт

Патот кон Христа

Наслов на оригиналот:
Steps to Christ
by Ellen G. White

Превод:
Часлав Дичевски

Прелом и графичка обработка:
Принт Тим

Уредник:
Часлав Дичевски

Благодарност до Трифун за безрезервната помош
и поддршка во издавањето на оваа книга

Издава:
РЕФОРМНО ДВИЖЕЊЕ НА АСД
www.rdasd.mk
e-mail: info@gmail.com

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

2-185.5:279.13
2-58:279.13

ВАЈТ, Елена
Патот кон Христа / Е. Г. Вајт ; [превод Часлав Дичевски]. -
Скопје : Реформно движење на АСД, 2019. - 116 стр. ; 21 см

Превод на делото: Steps to Christ / by Ellen G. White

ISBN 978-9989-2258-5-7

а) Покајание и духовна преродба (адвентизам) б) Практична теологија -
Адвентизам
COBISS.MK-ID 109635594

За да ги охрабри своите загрижени ученици, пред самата разделба со нив, Христос меѓу останатото рекол: „А каде одам Јас го знаете патот." На прашањето на едниот од нив: „Како можеме да го знаеме патот?" следел јасен и конкретен Христов одговор: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене" (Јован 14:4-6). Значи, оние, кои го прифатиле Христа и се запознале со Него, го имаат и го знаат сигурниот пат; но логично се наметнува уште едно прашање: Како да се пронајде патот до Христа? Одговорот на ова прашање ќе го најдете во книгата која штотуку ја отворивте – читајте внимателно.

1.

Божјата љубов кон човекот

И природата и откровението ни сведочат за Божјата љубов. Нашиот небесен Отец е извор на животот, мудроста и радоста. Погледнете ги само чудесата и убавините на природата! Мислете на нивната прекрасна прилагоденост кон потребите и среќата, не само на човекот, туку и на сите живи созданија! Сончевата светлина и дождот кои ја оживуваат и ја освежуваат Земјата, ритчињата, моријата и рамнините - сето тоа ни зборува за љубовта на Творецот. Бог е Оној, кој ги задоволува секојдневните потреби на сите Свои созданија. Според прекрасните зборови на псалмистот:

> *„Очите на сите се управени кон Тебе,*
> *и Ти им ја даваш нивната храна навреме;*
> *Ти ја отвораш раката Твоја*
> *и исполнуваш сè што е живо*
> *со сите негови потреби." {ПХ 9.2}*
> - Псалм 145:15,16.

Бог го создал човекот совршено свет и среќен. А прекрасната Земја, кога излегла од рацете на Творецот, не покажувала ниту трага на распаѓање или сенка на проклетство. Престапот на Божјиот закон - законот на љубовта - донел несреќа и смрт. Па сепак, и покрај страдањата предизвикани со гревот, се открива Божјата љубов. Напишано е дека Бог ја проколнал Земјата заради човекот (Создавање 3:17). Трњето и бодликите, тешкотиите и искушенијата, кои неговиот живот го исполнуваат со напори и грижи, се одредени заради негово добро, како дел на воспитувањето неопходно во Божјиот план за негово издигнување од пропаста и деградацијата што ги донел гревот. Иако грешен, светот не е исполнет само со тага и беда. И самата природа ни упатува пораки на надеж и утеха. На чичката може да се најде цвеќе, а трњето се прекриени со рози. {ПХ 9.3}

„Бог е љубов" - е запишано на секоја пупка што цути, на секоја тревка. Прекрасните птици, кои го исполнуваат воздухот со звуците на своите весели песни, цвеќињата со нежни бои, што со своето совршенство го исполнуваат воздухот со мирис, величествените шумски дрвја, богато разлистени и зелени - сето тоа сведочи за нежната татковска грижа на нашиот Бог и за Неговата желба Своите деца да ги направи среќни. {ПХ 10.1}

Божјата реч го открива Неговиот карактер. Самиот Тој ја објавил Својата неограничена љубов и милосрдие. Кога Мојсеј се молел: „Покажи ми ја својата слава", Господ му одговорил: „Ќе ја покажам пред тебе сета Моја слава" (Излез 33:18,19). Ова е Негова слава. Господ поминал пред Мојсеј и објавил: „Господ, Господ, Бог милостив, жалостив, долготрпелив и обилен со доброта и вистина, кој покажува милост кон илјадници, простува беззаконија, неправди и гревови" (Излез 34:6,7). Тој е „спор на гнев и богат со милосрдие", „Тој ужива да искажува милост" (Јона 4:2; Михеј 7:18). {ПХ 10.2}

Бог ги поврзал нашите срца со Себе со безброј знаци и на Небото и на Земјата. Тој се труди да ни се открие Себеси преку

чудесата на природата, преку најдлабоките и најнежни земни врски што може да ги запознае човечкото срце. Но сето тоа само непотполно ни ја открива Неговата љубов. Иако ни се дадени сите тие докази, непријателот на доброто во толкава мера го заслепил умот на луѓето така што тие на Бога гледале со страв, замислувајќи го како суров и неумолив. Сатаната ги навел луѓето Бога да Го замислуваат како суштество, чијашто основна особина е крута праведност – како суров судија, неумолив и строг доверител. Тој Творецот го претставувал како суштество кое со сомничаво око ги набљудува луѓето за да ги пронајде нивните заблуди и грешки и да ги излее врз нив Своите судови. За да ја отстрани оваа темна сенка, Исус дошол да живее меѓу луѓето, откривајќи му ја на светот бескрајната Божја љубов. {ПХ 10.3}

Божјиот Син дошол од небото да го открие Отецот. „Бога никој никогаш не Го видел; Единородниот Син, Кој е во крилото на Отецот - Тој Го објави" (Јован 1:18). „Никој не Го познава Синот, освен Отецот; ниту Отецот Го познава некој освен Синот, и кому што сака Синот да Го открие" (Матеј 11:27). Кога еден од учениците побарал: „Покажи ни го Отецот", Исус одговорил: „Толку време сум со вас, и зар не си Ме познал, Филипе? Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот, па како ти велиш: Покажи ни Го Отецот?" (Јован 14:8,9). {ПХ 11.1}

Опишувајќи ја Својата земна мисија, Исус рекол: „Духот Господов е врз Мене; зашто Господ Ме помаза. Ме прати да им соопштам радосна вест на бедните. Ме прати да им проповедам на заробените ослободување и на слепите прогледување, да ги пуштам на слобода напатените" (Лука 4:18). Тоа било Негово дело. Тој поминал правејќи добро и исцелувајќи ги сите што беа совладани од сатаната. Имало цели села во кои не се слушнал извик на болка од ниедна куќа, бидејќи Тој поминал низ нив и ги излекувал сите болни. Неговото дело било доказ за Неговото божествено помазание. Во секое дело на Неговиот живот

се откривале љубов, милосрдие и сомилост. Неговото срце било полно со нежно сочувство кон човечките синови. Тој ја зел човечката природа за да може да ги сфати потребите на човекот. Најсиромашните и најунижените не се плашеле да Му пристапат. Дури и малечките деца ја чувствувале Неговата привлечност. Тие сакале да се качуваат на Неговите колена и да го гледаат Неговото замислено лице, добродушно и полно со љубов. {ПХ 11.2}

Исус не се притеснувал да ја каже вистината, но тоа секогаш го правел со љубов. Во своето однесување со луѓето бил мошне тактичен и им укажувал промислено и љубезно внимание. Тој никогаш не бил груб, никогаш непотребно не изговорил некој остар збор, никогаш не ѝ нанел непотребна болка на чувствителната душа. Не ги осудувал човечките слабости. Ја зборувал вистината, но секогаш со љубов. Ги осудувал лицемерството, неверувањето и беззаконието; но во Неговиот глас се чувствувала болка, додека ги изговарал Своите остри прекори. Плачел над Ерусалим, градот што го сакаше, кој одбил да го прими Него - Патот, Вистината и Животот. Тие го отфрлиле Него, Спасителот, но Тој им приоѓал со нежност полна со сожалување. Животот му бил исполнет со самооткажување и со внимателна грижа за другите. Секоја душа била драгоцена во Неговите очи. Иако секогаш внимавал на своето божествено достоинство, со најнежно внимание се наведнувал над секој припадник на Божјото семејство. Во секој човек гледал падната душа заради чие спасение дошол. {ПХ 12.1}

Таков карактер открил Христос во Својот живот. Беше тоа Божји карактер. Од срцето на Отецот потекле реки на божествено сожалување, кои се манифестирале во Христа и се излеале врз човечките синови. Исус, нежниот, сочувствителен Спасител, беше Бог кој се „јави во тело" (1. Тимотеј 3:16). {ПХ 12.2}

За да нè спаси, Исус живеел, страдал и умрел. Станал „човек на болката" за ние да можеме да бидеме дел од вечната радост.

Бог Му дозволил на Својот сакан Син, полн со благодат и вистина, да дојде од свет со неопишлива слава, во свет извалкан и расипан со грев, затемнет со сенката на смртта и проклетството. Му дозволил да ги остави прегратките на Неговата љубов, да се откаже од обожавањето на ангелите, за да претрпи срам, навреди, понижувања, омраза и смрт. „Казната за нашиот мир падна врз Него, а преку Неговите рани ние се излекувавме" (Исаија 53:5). Гледајте го во пустината, во Гетсиманија, на крстот! Неизвалканиот Божји Син го зел на Себе товарот на гревот. Тој, кој бил едно со Бога, ја почувствувал на Својата душа ужасната одвоеност меѓу Бога и човекот предизвикана од гревот. Тоа предизвикало од Неговите усни да се оттргне очајниот извик: „Боже Мој, Боже Мој, зошто Ме остави?" (Матеј 27:46). Товарот на гревот, свеста за неговата ужасна тежина, за одвојувањето на душата од Бога - сето тоа го скршило срцето на Божјиот Син. {ПХ 13.1}

Но, оваа голема жртва не била принесена за да се разбуди во срцето на Отецот љубов кон човекот или пак желба да го спаси. Не, не! „Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син" (Јован 3:16). Отецот нè сака, но не заради таа голема жртва на помирување, туку Тој се погрижил за жртвата на помирување, затоа што нè љуби. Христос бил посредник преку кого Тој ја излеал Својата бескрајна љубов кон паднатиот свет. „Зашто Бог беше во Христа, и светот го помири со себе" (2. Коринтјаните 5:19). Бог страдал со Својот Син. Во агонијата во Гетсиманија, и смртта на Голгота, срцето на бескрајната Љубов ја платило цената за нашиот откуп. {ПХ 13.2}

Исус рекол: „Затоа Ме љуби Отецот, зашто Јас животот Свој си го полагам за да го примам пак" (Јован 10:17). Тоа значи: „Мојот Отец толку ве сакаше, што дури и Мене уште повеќе ме засака, затоа што го дадов Својот живот за да ве откупам. Му станав мил на Мојот Отец станувајќи ваш Заменик и ваша Гаранција, положувајќи го Мојот живот, преземајќи ги вашите долгови, вашите престапи; Јас сум љубен од Својот Отец; затоа што

со Мојата жртва Бог може да биде праведен, а сепак да го оправда оној што верува во Исуса!" {ПХ 14.1}

Никој, освен Божјиот Син, не можел да нѐ откупи; бидејќи Отецот можел да го објави само Оној, кој бил во Неговите прегратки. Божјата љубов можел да ја објави само Оној, кој ги запознал нејзините длабочини и висини. Само бесконечната жртва принесена од Христа во корист на паднатиот човек можела да ја изрази љубовта на Отецот кон изгубеното човештво. {ПХ 14.2}

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син." Тој не Го дал само за да живее меѓу луѓето, да ги носи нивните гревови и да умре како жртва за нив. Тој му Го подарил на грешниот род. Христос морал да се поистовети со интересите и со потребите на човештвото. Тој, кој бил едно со Бога, се поврзал со човечките синови со врски што никогаш нема да се прекинат. „Исус не се срамува да ги нарече браќа" (Евреите 2:11); Тој е наша Жртва, наш Застапник, наш Брат, кој и пред престолот на Отецот го носи нашиот лик и кој во текот на бесконечната вечност ќе остане соединет со родот што го откупил - Син човечки. А сето тоа е сторено за човекот да може да се подигне од пропаста и деградацијата предизвикани со гревот, за да може да ја одразува Божјата љубов и да учествува во радоста што ја донесува светоста. {ПХ 14.3}

Цената платена за нашиот откуп, бескрајната жртва што ја принел нашиот небесен Отец, давајќи го Својот Син да умре за нас, сето тоа треба да нѐ вдахне со возвишени мисли за она што може да станеме во Христа. Гледајќи ја височината, длабочината и широчината на љубовта на Отецот кон родот што умира, вдахновениот апостол Јован бил исполнет со обожавање и стравопочит; и не наоѓајќи згодни зборови да ја изрази големината и нежноста на таа љубов, го повикал светот да ја набљудува: „Гледајте колку голема љубов ни дал Отецот - да бидеме наречени чеда Божји." (1. Јованово 3:1). Каква вредност му

дава тоа на човекот! Преку престапот, човечките синови станале поданици на сатаната. Со вера во Христовата жртва на помирување, Адамовите синови можат да станат синови Божји. Земајќи ја човечката природа, Христос го воздигнал човештвото. Паднатите луѓе, поврзани со Христа, добиле можност навистина да станат достојни за името „синови Божји". {ПХ 15.1}

Таквата љубов е неспоредлива. Деца на небесниот Цар! Драгоцено ветување! Тема за најдлабоко размислување! Неспоредлива Божја љубов кон светот што не Го љубел! Оваа мисла има моќ да ја скроти душата и умот да го наведе на покорност на Божјата волја. Колку повеќе го проучуваме божествениот карактер во светлината на крстот, толку повеќе гледаме милост, нежност и простување, поврзани со непристрасност и правда; сè појасни ни стануваат безбројните докази за неограничената љубов и нежната милост, кои го надминуваат сочувството на мајката кон своето заскитано дете. {ПХ 15.2}

2.

На грешникот му е потребен Христос

Човекот првобитно бил надарен со благородни способности и добро урамнотежен ум. Тој бил совршен во своето битие и во хармонија со Бога. Неговите мисли биле чисти, неговите цели свети. Но, непослушноста ги изопачила неговите способности и наместо љубов, се појавила себичност. Престапот во толкава мера ја ослабел неговата природа, што со своја сила воопшто не можел повеќе да ѝ се спротивстави на силата на злото. Станал роб на сатаната и засекогаш би останал таков кога самиот Бог не би се вмешал. Искушувачот имал намера да ги спречи Божјите намери при создавањето на човекот, и Земјата да ја исполни со тага и очај, а потоа сите тие зла да ги прикаже како последица на Божјото дело во создавањето на човекот. {ПХ 17.1}

Во својата безгрешна состојба, човекот радосно одржувал врска со Оној „во Кого се скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето" (Колосјаните 2:3). Но, по стореното грев, светоста не му причинувала повеќе радост, и тој се обидел да се сокрие од Божјото присуство. Непрепороденото срце и сега се наоѓа во

таква состојба. Тоа не е во хармонија со Бога, ниту пак наоѓа радост во заедница со Него. Грешникот не може да биде среќен во Божјо присуство; нему друштвото на светите суштества би му било непријатно. Дури и кога би му било дозволено да дојде на Небо, тоа за него не би претставувало никаква радост. Духот на несебичната љубов кој владее таму – каде сите битија се во совршена слога со бескрајната Божја љубов, не би нашле одглас во неговата душа. Неговите мисли, неговите интереси, неговите побуди, би биле во расчекор со она што ги поттикнува безгрешните небесни жители. Тој би бил нескладна нота во совршената небесната мелодија. За него небото би било место на мачење; тој би копнеел да се сокрие од Оној кој е светлина и средиште на небеската радост. Бог не одлучил самоволно да ги исклучи грешните од небото; тие сами се исклучуваат со својата неподобност за небесната заедница. Божјата слава за нив би била оган кој спалува. Тие би го поздравиле уништувањето, само да се скријат од лицето на Оној Кој умрел за да ги откупи. {ПХ 17.2}

Ние не можеме сами да се избавиме од понорот на гревот во кој сме паднале. Нашите срца се зли и ние не можеме да ги промениме. „Кој ќе извлече чисто од нечисто? Никој!" „Зашто копнежот на телото е непријателство против Бога, тој не му се подредува на законот Божји затоа што не може" (Јов 14:4; Римјаните 8:7). Образованието, културата, користењето на волјата, човечките напори, сето тоа има своја сфера на делување, но тука тие се беспомошни. Можеби со тоа може да се постигне надворешна коректност во однесувањето, но не може да се промени срцето; не можат да се исчистат изворите на животот. Мора да постои сила која делува одвнатре, нов живот одозгора, за да може човекот да се промени, да го остави гревот и да стане свет. Таа сила е Христос. Само Неговата благодат може да ги оживее замрените способности на душата и да ја привлече кон Бога, кон светоста. {ПХ 18.1}

Спасителот рекол: „Ако некој не се роди одозгора", ако не прими ново срце, нови желби, нови намери и побуди што водат во нов живот, „не може да го види царството Божјо" (Јован 3:3). Идејата дека е доволно да се развива само доброто што по природа постои кај човекот, е опасна измама. „Телесниот човек не го прима она што е од Божјиот Дух: за него тоа е безумство; и не може да го разбере, зашто тоа треба со помошта на Духот да се испита." „Не чуди се што ти реков: вие треба да се родите одозгора" (1. Коринтјаните 2:14; Јован 3:7). За Христа е напишано: „Во Него беше Животот и Животот им беше светлина на луѓето," - единственото „име дадено на луѓето, преку кое би можеле да се спасиме" (Јован 1:4; Дела 4:12). {ПХ 18.2}

Не е доволно да се почувствува Божјата благост, да се види добронамерноста и татковската нежност на Неговиот карактер. Не е доволно да се препознае мудроста и праведноста на Неговиот закон, да се разбере дека е втемелен врз вечното начело на љубовта. Апостол Павле сето тоа го видел кога извикал: „Се согласувам со Законот дека е добар!" „Законот е свет, и заповедта света, справедлива и добра!" Но, исполнет со горчината на своите душевни маки и со очај, додава: „А јас, пак, сум телесен, продаден на гревот како роб!" (Римјаните 7:16,12,14). Тој копнеел за чистота, праведност, кои не можел да ги постигне со своја сила, и извикнува: „Колку несреќен човек сум јас! Кој ќе ме избави од ова тело на смртта?" (Стих 24). Истиот извик им се истргнувал од обремените срца во сите земји и во сите векови. За сите, постои само еден одговор: „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!" (Јован 1:29). {ПХ 19.1}

Божјиот Дух се обидувал оваа вистина симболички да ја прикаже на многу начини и да им ја објасни на душите што копнеат да се ослободат од товарот на вината. Кога бегал од домот на својот татко, откако згрешил, измамувајќи го Исава, Јаков бил оптоварен со чувство на вина. Осамен и во прогонство, одделен од сето она што животот му го правело драг, неговата душа

најмногу од сè ја мачела мислата и стравот дека неговиот грев го одвоил од Бога, дека бил оставен од Небото. Обземен со жалост, легнал на голата земја да се одмори, опкружен со осамени ридови и со ѕвездено небо над себе. Додека спиел, чудна светлина продрела во неговиот сон; од полјанката на која лежел, видел долга нејасна скала како да се издигала сè до небесната врата, по неа се качувале и слегувале Божјите ангели, додека од славните височини одекнувал Божјиот глас на утеха и надеж. На тој начин Јаков го запознал Оној што ќе ја задоволи потребата и копнежот на неговата душа - Спасителот. Исполнет со радост и благодарност, го гледал покажаниот пат на кој тој, како грешник, повторно можел да ја обнови заедницата со Бога. Таинствената скала од неговиот сон го претставувала Исуса, единствениот Посредник помеѓу Бога и човекот. {ПХ 19.2}

Тоа бил истиот симбол на кој се повикал Христос во разговорот со Натанаил кога рекол: „Ќе го гледате небото отворено и ангелите Божји како се искачуваат и слегуваат над Синот Човечки" (Јован 1:51). Со падот во грев, човекот се одвоил од Бога; Земјата била отсечена од Небото. Преку бездната што ги разделувала, не можело да се одржува никаква врска. Но благодарение на Христа, повторно е воспоставена врска помеѓу Небото и Земјата. Со Своите заслуги Христос ја премостил бездната што ја направил гревот, така што ангелите - служители можат да одржуваат врска со луѓето. Христос го поврзал грешниот човек во својата слабост и беспомошност, со Изворот на бескрајната сила. {ПХ 20.1}

Но залудни се сите човечки соништа за напредок, залудни се сите напори човештвото да се издигне, ако се занемарува единствениот Извор на надеж и помош за паднатиот род. „Секој добар дар и секој совршен подарок" (Јаков 1:17) доаѓа од Бога. Без Него нема вистинско совршенство на карактерот. А единствен пат кон Бога е Христос. Тој вели: „Јас сум Патот, Вистината и Животот; никој не доаѓа кај Отецот, освен преку Мене" (Јован 14:6). {ПХ 21.1}

Божјото срце копнее по Неговите деца на Земјата со љубов, која е посилна од смртта. Давајќи го Својот Син, во тој еден дар Тој ни го подарил целото Небо. Животот на Спасителот, Неговата смрт и посредувањето, службата на ангелите, заземањето на Духот, делувањето на Отецот над и преку сите, постојаниот интерес на небесните суштества - сето тоа е ставено во служба за откуп на човекот. {ПХ 21.2}

О, да размислуваме за чудесната жртва што била принесена за нас! Да се обидеме да ги цениме трудот и енергијата што ги вложува Небото за повторно да ги придобие загубените и да ги врати во домот на Отецот. Никогаш не можат да се употребат посилни поттици и посилни средства; извонредната награда за оној што прави добро, радостите на Небото, друштвото на ангелите, заедницата и љубовта на Бога и Неговиот Син, усовршување и развивањето на сите наши способности во текот на вечните времиња - зарем тоа не се доволно силни поттици и охрабрувања да нè натераат нашите срца да ги предадеме во доброволна служба на нашиот Творец и Откупител? {ПХ 21.3}

Од друга страна, Божјите судови изречени против гревот, неизбежната казна, деградацијата на нашиот карактер и конечното уништување, прикажани се во Божјата реч како предупредување да не му служиме на сатаната. {ПХ 21.4}

Зарем нема да ја цениме Божјата благодат? Што повеќе можел да направи? Да изградиме правилен однос со Оној кој нè љуби со неизмерна љубов. Да ги искористиме средствата кои ни се понудени за да можеме да се преобразиме во Неговиот лик и повторно да воспоставиме заедница со ангелите кои служат, да ја обновиме хармонијата и заедницата со Отецот и Синот. {ПХ 22.1}

3.

Покајание

Како може човекот да биде прав пред Бога? Како може грешникот да стане праведен? Само Христос може да нè доведе во хармонија со Бога, со светоста; но како да дојдеме кај Христа? Мнозина го поставуваат истото прашање како и мноштвото на денот Педесетница, кога, осведочено за својата грешност, извикало: „Што да правиме?“ Првите зборови во одговорот на Петар биле: „Покајте се!“ (Дела 2:37,38). Кратко потоа, во една друга прилика, тој рекол: „Покајте се, пак, и обратете се, за да се очистите од гревовите ваши!“ (Дела 3:19). {ПХ 23.1}

Во покајанието е вклучена жалост поради гревот и одвојување од него. Ние нема да го отфрлиме гревот, освен ако не ја увидиме неговата расипаност; сè додека нашето срце не се откаже од него, нема да има вистинска промена во нашиот живот. {ПХ 23.2}

Мнозина не успеваат да ја разберат вистинската природа на покајанието. Тие жалат затоа што грешеле и дури привидно се менуваат, бидејќи се плашат дека ќе мора да трпат поради своите лоши дела. Тоа не е каење во библиска смисла. Тие се жалат на

страдањата наместо на гревот. Таква била болката на Исав кога сфатил дека засекогаш го загубил правото на првенство. Валам, уплашен од ангелот кој стоел на патот со извлечен меч, ја признал својата вина за да не го загуби животот; но тука немало вистинско каење поради гревот, немало промена на намерите, не се јавила одвратност кон злото. Откако го предал својот Господ, Јуда Искариот извикал: „Згрешив, зашто предадов невина крв!" (Матеј 27:4). {ПХ 23.3}

Ова признание се оттргнало од неговата грешна душа под неподнослив иот притисок на чувството за вината и во страшно очекување на осудата. Последиците што му се заканувале го исполниле со ужас, но во неговата душа немало длабока жалост што го кине срцето, не жалел што го предал неизвалканиот Божји Син и што се откажал од Светецот Израелов. Фараонот, додека ги поднесувал Божјите казни, го признал својот грев за да го избегне натамошното казнување, но продолжувал да му пркоси на Небото штом казните биле запрени. Сите овие жалеле заради последиците од гревот, но не чувствувале вистинско жалење поради самиот грев. {ПХ 24.1}

Но, кога срцето ќе му се предаде на влијанието на Божјиот Дух, совеста се буди и грешникот открива нешто од длабочината и светоста на Божјиот свет закон кој е темел на Неговото владеење и на Небото и на Земјата. „Светлина, Која го осветлува секој човек, што доаѓаше во светов", (Јован 1:9) ги расветлува тајните одаи на душата и скриените дела на темнината излегуваат на виделина. Умот и срцето се осведочуваат. Грешникот станува свесен за Божјата праведност, и чувствува ужас и од помислата таков грешен да се појави пред Оној кој ги испитува срцата. Тој ја согледува Божјата љубов, убавината на светоста, радоста на чистотата; тој копнее да се очисти и да ја обнови врската со Небото. {ПХ 24.2}

Давидовата молитва по падот ја покажува природата на вистинската жалост поради гревот. Неговото покајание било ис-

крено и длабоко. Во молитвата не вложувал напор да ја намали својата вина; не изразувал желба да ја избегне казната што му се заканувала. Давид ја увидел големината на својот престап; сфатил дека ја извалкал својата душа; тој го мразел својот грев. Не се молел само за простување, туку за чистота на срцето. Копнеел за радоста на светоста – да се врати во хармонија и заедница со Бога. Вака проговорила неговата душа: {ПХ 24.3}

„Блажени се оние, чии престапи им се простени,
и чии гревови се покриени!
Блажен е оној човек, кого Господ
не го смета за виновен,
и во чиј дух нема измама!" {ПХ 25.1}
- (Псалм 32:1,2).

„Помилуј ме, Боже,
поради големата Твоја милост,
и заради големата Твоја добрина
избриши ги беззаконијата мои...
Зашто престапите мои ги знам
и мојот грев е секогаш пред мене...
Пороси ме со исоп, и ќе бидам чист;
измиј ме и ќе бидам побел од снег...
Создај чисто срце во мене, Боже,
и нов и прав дух стави во мене.
Не отфрлај ме од лицето Свое
и Светиот Дух Твој не одземај Го од мене.
Врати ми ја радоста на спасението од Тебе
и благороден дух зацврсти во мене...
Ослободи ме од пролеаната крв,
Боже, Боже на моето спасение,
и јазикот мој ќе пее
за Твоето избавување!" {*ПХ* 25.2}
- (Псалм 51:1-14).

Покајанието, како што е ова, ги надминува нашите сили и ние не можеме да го постигнеме, туку можеме да го добиеме само од Христа, Кој се вознел во височините и им дал дарови на луѓето. {*ПХ* 25.3}

Токму овде мнозина грешат и затоа не успеваат да ја добијат помошта која Христос сака да им ја даде. Тие мислат дека не можат да дојдат кај Христа ако најпрвин не се покајат, и дека покајанието ги подготвува за простување на нивните гревови. Вистина е дека покајанието му претходи на простувањето на гревовите, зашто само скршено и понизно срце чувствува потреба за Спасител. Но, мора ли грешникот да чека додека не се покае пред да дојде кај Исуса? Дали покајанието треба да биде пречка меѓу грешникот и Спасителот? {ПХ 26.1}

Библијата не учи дека грешникот мора да се покае пред да може да го послуша Христовиот повик: „Дојдете кај Мене сите изморени и обременети и Јас ќе ве успокојам" (Матеј 11:28). Тоа е сила што произлегува од Христа, која води кон вистинско покајание. Петар им го објаснил ова на Израелците кога рекол: „Бог со десницата Своја Го возвиси Него, Зачетникот и Спасителот, за да му даде покајание и простување на гревовите на Израел" (Дела 5:31). Ние не можеме да се покаеме без Христовиот Дух, Кој ја буди нашата совест, како што не можеме да добиеме ниту простување без Христа. {ПХ 26.2}

Христос е извор на секоја добра побуда. Само Тој може да всади во срцето непријателство кон гревот. Секоја желба за вистината и чистотата, секое осведочување за нашата сопствена грешност е доказ дека Неговиот Дух делува на нашите срца. {ПХ 26.3}

Исус рекол: „И кога Јас ќе бидам издигнат од земјата, сите ќе ги привлечам кон Себе" (Јован 12:32). Христос мора да му се открие на грешникот како Спасител Кој умира за гревовите на светот; и додека го гледаме Божјото Јагне на крстот на Голгота,

тајната на откупувањето почнува да му се открива на нашиот ум, а Божјата добрина нè води до покајание. Умирајќи за грешниците, Христос покажал несфатлива љубов; и додека грешникот ја гледа таа љубов, истата го омекнува неговото срце, влијае врз умот и душата ја прави понизна. {ПХ 26.4}

Вистина е дека понекогаш луѓето се срамат од своите грешни патишта и се откажуваат од своите лоши навики и пред да станат свесни дека се привлечени кон Христа. Но секогаш кога се обидуваат да се реформираат, со искрена желба да прават добро, Христовата сила е таа која ги привлекува. Врз душата делува влијание за кое не се ниту свесни, совеста се буди и во животот настанува видлива промена. И кога Христос ќе ги привлече да го гледаат Неговиот крст, да го набљудуваат Оној кого го приковале нивните гревови, тогаш заповедите се впишуваат во нивната совест. Им се открива сета злоба на нивниот живот, гревот кој длабоко се вкоренил во нивната душа. Почнуваат да сфаќаат по нешто од Христовата праведност и извикуваат: „Што е гревот за да биде потребна таква жртва за откуп на неговите робови? Зарем навистина била потребна сета таа љубов, сето тоа страдање, сето тоа понижување за да не загинеме, туку да имаме живот вечен?“ {ПХ 27.1}

Грешникот може да се спротивстави на таа љубов, може да одбие да биде привлечен кон Христа; но ако не се спротивставува, тој ќе биде привлечен кон Исуса; запознавањето со планот на спасението ќе го доведе до подножјето на крстот, и тука искрено ќе се кае поради своите гревови кои предизвикале толкави страдања на Божјиот драг Син. {ПХ 27.2}

Истиот божествен ум, кој делува во природата, им зборува на срцата на луѓето, создавајќи во нив неискажан копнеж за нешто што го немаат. Она што е во светот не може да го задоволи нивниот копнеж. Божјиот Дух ги преколнува да се стремат кон она што единствено може да им даде мир и одмор - кон Христовата благодат и радоста на светоста. Служејќи се со видливи и со

невидливи влијанија, нашиот Спасител е постојано на дело со цел умот на луѓето да го одврати од грешните задоволства што не ситат и да го насочи кон неизмерните благослови кои во Него можат да бидат нивни. На сите тие души, кои напразно се обидуваат да пијат од издупчените извори на овој свет, им е упатена божествената порака: „И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе од водата на животот дарум" (Откровение 22:17). {ПХ 28.1}

Ти, кој во срцето копнееш за нешто подобро од она што може да ти го понуди овој свет, препознај го тој копнеж како Божји глас упатен на твојата душа. Моли го да ти даде покајание, да ти го открие Христа со сета Негова неизмерна љубов и во Неговата совршена чистота. Во животот на Спасителот, начелата на Божјиот закон - љубовта кон Бога и кон ближните - биле совршено објаснети со пример. Доброчинството и несебичната љубов претставувале живот на Неговата душа. Кога ќе погледнеме во Него и кога светлината од нашиот Спасител ќе нè осветли и нас, дури тогаш ја согледуваме грешноста на сопственото срце. {ПХ 28.2}

Можеме да си ласкаме себеси, исто како Никодим, дека нашиот живот е праведен, а моралниот карактер беспрекорен, и да мислиме дека не мораме да ги понизиме срцата пред Бога како обични грешници. Но, кога Христовата светлина ќе ги осветли нашите души, ќе видиме колку сме нечисти, ќе сфатиме дека нашите побуди се себични, дека непријателството кон Бога го извалкало секое наше дело. Тогаш ќе сфатиме дека нашата праведност е како нечиста облека и дека само Христовата крв може да нè очисти од нечистотијата на гревот и да го обнови нашето срце според Неговиот лик. {ПХ 28.3}

Само еден зрак на Божјата слава, една искра на Христовата чистота, кога ќе продре во душата, со болна јасност ја открива секоја грозна дамка и ја обелоденува деформираноста и недостатоците на човековиот карактер. Тој зрак, таа искра, ги пра-

ви видливи непосветените желби, неверството на срцето и нечистотијата на усните. На грешникот му се покажуваат во вистинска светлина неговите вероломни обиди Божјиот закон да го прогласи за неважен и неговиот дух станува потиштен под испитувачкото влијание на Божјиот Дух. Тој се презира самиот себе гледајќи го чистиот, беспрекорен Христов карактер. {ПХ 29.1}

Кога пророкот Даниел ја видел славата што го опкружувала небесниот гласник кој бил пратен кај него, го обзело чувство на сопствената слабост и несовршенство. Опишувајќи го делувањето на таа прекрасна сцена, тој вели: „Но во мене не остана сила и лицето ми пребледе многу, не остана во мене бодрост" (Даниел 10:8). Душата, трогната на ваков начин, ќе ја замрази својата себичност, ќе се гнаси од своето самољубие, и под влијание на Христовата праведност, ќе се стреми кон чистотата на срцето, што е во согласност со Божјиот закон и Христовиот карактер. {ПХ 29.2}

Павле вели дека „според правдата на Законот" - ако се има предвид само формалното исполнување на прописите - тој бил „беспрекорен" (Филипјаните 3:6); но кога го запознал духовниот карактер на законот, се видел себеси како грешник. Според словото на законот, онака како што луѓето го применуваат во животот, Павле се воздржувал од гревот; но кога ја запознал длабочината на светите правила на законот и се видел себеси онака, како што Бог го гледа, во понизност се поклонил и ја признал својата вина. Тој вели: „Некогаш живеев без Законот; но кога дојде заповедта, гревот оживеа. Јас, пак, умрев" (Римјаните 7:9.10). Кога ја сфатил духовната природа на законот, гревот се појавил во сета своја одвратност и неговата самодоверба исчезнала. {ПХ 29.3}

Бог не ги смета сите гревови подеднакво големи; според Негова проценка, исто како и според проценката на човекот, постојат степени на вина; но, колку и безначајно да изгледа ова или она злодело во човечките очи, ниту еден грев не е мал во очите

на Бога. Човечките судови се едностранi и несовршени; но Бог ги оценува сите нешта онака како што тие навистина се. Пијаницата го презираат и велат дека неговиот грев ќе го исклучи од небото; додека гордоста, себичноста и лакомоста премногу често поминуваат без укор. Меѓутоа, тие гревови особено му се одвратни на Бога, затоа што тие се во спротивност со добрината на Неговиот карактер, на атмосферата на несебичната љубов што владее во безгрешната вселена. Оној што ќе упадне во некој тежок грев, можеби го чувствува својот срам и беда и чувствува потреба од Христовата благодат; но гордоста не чувствува никаква потреба, и така срцето се затвора за Христа и за бескрајните благослови кои Тој дошол да ги даде. {ПХ 30.1}

Презреният цариник кој се молел: „Боже, биди милостив спрема мене грешниот" (Лука 18:13), себеси се сметал за мошне злобен човек, а и другите го гледале во иста светлина; но тој ја почувствувал својата потреба и со својот товар на вина и срам дошол пред Бога, барајќи милост од Него. Неговото срце било отворено пред милостивото влијание на Божјиот Дух да го ослободи од силата на гревот. Фаленичката самоправедна молитва на фарисејот покажала дека неговото срце е затворено за влијанието на Светиот Дух. Поради својата оддалеченост од Бога, тој немал чувство за својата извалканост, која била во целосна спротивност со совршенството на божествената светост. Тој не чувствувал потреба и затоа не добил ништо. {ПХ 30.2}

Кога ќе ја увидите својата грешност, не чекајте да се поправите. Колку има такви кои мислат дека не се доволно добри за да дојдат кај Христа. Дали очекувате да станете подобри преку сопствените напори? „Може ли Етиопјанец да ја смени кожата своја и леопардот - дамките свои? Па така и вие, можете ли да правите добро, кога сте свикнати да вршите зло?" (Еремија 13:23). Наша помош е само во Бога. Ние не треба да чекаме поцврсто осведочување, подобри прилики, или посвет карактер. Сами

ништо не можеме да направиме. Мораме да дојдеме кај Христа онакви какви што сме. {ПХ 31.1}

Но, никој нека не се лаже мислејќи дека Бог, во својата голема љубов и милост, сепак ќе ги спаси дури и оние кои ја одбиле Неговата благодат. Неизмерната тежина на гревот може да се процени само во светлината на крстот. Кога луѓето тврдат дека Бог е премногу добар за да го отфрли грешникот, укажете им на Голгота. Токму затоа што немало друг начин човекот да се спаси, бидејќи без оваа жртва човечкиот род не можел да се избави од измамливата сила на гревот и повторно да воспостави заедница со светите суштества – затоа што му било невозможно повторно да земе удел во духовниот живот - токму затоа Христос ја презел на Себе вината на непослушните и трпел наместо грешниците. Љубовта, страдањето и смртта на Божјиот Син сведочат за ужасната големина на гревот и изјавуваат дека нема ослободување од неговата моќ ниту надеж во подобар живот, освен во потчинувањето на душата на Христа. {ПХ 31.2}

Непокајаните понекогаш се оправдуваат себеси укажувајќи на таканаречените христијани: „И јас сум исто толку добар колку и тие. Тие во своето однесување не покажуваат ни малку повеќе самооткажување, трезвеност или внимателност од мене. Тие исто како и јас сакаат уживања и задоволства." И така грешките на другите тие ги користат како изговор за своето сопствено занемарување на должностите. Но, гревовите и маните на другите не се изговор за никого, зашто Господ не ни ги дал грешните луѓе како пример. За пример ни е даден неизвалканиот Божји Син и токму тие кои се жалат на неправилниот живот на таканаречените христијани, би требало да живеат подобар живот и да покажат поблагороден пример. Ако имаат толку висока претстава за тоа каков треба да биде христијанинот, тогаш и нивниот грев е сразмерно поголем? Тие знаат што е исправно, а сепак одбиваат да го направат тоа. {ПХ 32.1}

Чувајте се од колебање. Не ја одложувајте одлуката да ги отфрлите своите гревови и со Исусова помош да го исчистите срцето. Илјадници и илјадници токму овде згрешиле и биле загубени за сета вечност. Не сакам да се задржам многу во расправа за краткоста и несигурноста на животот; но постои страшна опасност - опасност која не е доволно разбрана - во колебањето да му се покориме на преколнувачкиот глас на Божјиот Свет Дух, во изборот да живееме во грев; зашто колебањето токму тоа значи. На гревот, колку и да го сметаме за мал, можеме да му попуштиме само со ризик да бидеме загубени за сета вечност. Она што нема да го совладаме ние, ќе нè совлада нас и ќе предизвика наша пропаст. {ПХ 32.2}

Адам и Ева самите себеси се убедиле дека толку незначителна ситница, како што е јадењето од забранетиот плод, не може да има толку страшни последици како што рекол Бог. Но, оваа ситница претставувала престап на Божјиот непроменлив и свет закон, а тоа го одвоило човекот од Бога и ги отворило вратите на смртта и неискажаните страдања во овој свет. Од столетие во столетие од нашата Земја постојано се издигнувале извици на болка и сите созданија заеднички воздивнувале и болно страдале од последиците на човечката непослушност. И самото Небо ги почувствувало последиците од неговиот бунт против Бога. Голгота стои како споменик на неверојатната жртва која била потребна за да се искупи престапот на божествениот Закон. Гревот не треба да го сметаме за нешто незначително. {ПХ 33.1}

Секој престап, секое занемарување или отфрлање на Христовата благодат, остава свои последици врз нас; тоа го стврднува срцето, ја ослабнува волјата, го отапува умот и не само што нè прави помалку склони да попуштиме, туку и помалку способни да ги послушаме нежните повици на Божјиот Свет Дух. {ПХ 33.2}

Мнозина ја умируваат разбудената совест со мислата дека можат да се вратат од својот лош пат секогаш кога ќе посакаат; дека можат да си играат со повиците на милоста, а сепак да

останат трајно чувствителни кон нивното влијание. Иако му пркоселе на Духот на благодатта, иако своето влијание го ставиле во служба на сатаната, тие мислат дека сепак ќе можат да ја променат насоката на животот во мигот кога ќе настапи страшната криза. Но, тоа не е толку лесно да се направи. Искуствата и воспитувањето во текот на целиот живот толку темелно го обликувале карактерот, така што само малкумина посакуваат да бидат слични на Христа. {ПХ 33.3}

Дури и само една мана во карактерот, само една грешна желба, ако упорно се негува, на крајот ќе го поништи сето влијание на Евангелието. Секое попуштање на гревот ја зајакнува одбивноста на душата кон Бога. Човекот, кој е упорен во своето неверство, кој е тапо рамнодушен кон божествената вистина, само го жнее она што самиот го посеал. Во целата Библија нема пострашно предупредување против играњето со злото од зборовите на мудриот човек дека грешникот „врските на гревот негов го држат" (Изреки 5:22). {ПХ 34.1}

Христос е подготвен да нè ослободи од гревот, но на тоа не нè присилува; и ако нашата волја со постојаното престапување е наполно потчинета на злото и ако ние не сакаме да се ослободиме, ако не сакаме да ја прифатиме Неговата благодат, тогаш што може Тој уште да стори? Ние самите себеси сме се упропастиле со нашето намерно отфрлање на Неговата љубов. „Еве, сега е времето благопријатно; ете, сега е денот на спасението." „Денес, ако го чуете гласот Негов, не жесточете ги срцата свои" (2. Коринтјаните 6:2; Евреите 3:7,8). {ПХ 34.2}

„Човек гледа на лицето, а Господ гледа на срцето" (1. Самоилова 16:7) - на човечкото срце исполнето со противречни чувства на радост и тага, на немирното самоволно срце во кое има толку нечистотија и измама. Тој ги знае неговите побуди, неговите вистински намери и цели. Појдете кај Него со својата извалкана душа, онаква каква што е. Како и псалмистот, отворете ги сите нејзини комори за окото кое гледа сè извикувајќи: „Испитај ме,

Боже, и познај го срцето мое; испитај ме и запознај ги патеките мои; и види дали сум на пат на беззаконија, и упати ме на вечен пат" (Псалм 139:23,24). {ПХ 34.3}

Мнозина прифаќаат само интелектуална религија, само форма на побожност која не бара чистење на срцето. Вашата молитва нека биде: „Создај чисто срце во мене, Боже, и нов и прав дух стави во мене" (Псалм 51:10). Бидете чесни кон својата душа. Бидете искрени, истрајни, како да е во прашање вашиот овоземен живот. Тоа е прашање што мора да се реши меѓу Бога и вашата душа, да се реши за вечност. Ако немате ништо друго освен лажна надеж, се движите кон сигурна пропаст. {ПХ 35.1}

Проучувајте ја Божјата реч со молитва. Таа реч, во Божјиот закон и во Христовиот живот, ви ги изнесува големите начела на светоста без кои „никој нема да Го види Господа" (Евреите 12: 14). Таа осведочува за гревот; таа јасно го открива патот на спасението. Послушајте го како Божји глас кој ѝ зборува на вашата душа. {ПХ 35.2}

Кога ќе ја увидите сета тежина на гревот, кога ќе ја сфатите својата вистинска состојба, немојте да очајувате. Христос дошол токму затоа да ги спаси грешниците. Не е наше да го помириме Бога со себе, туку - о чудесна љубов! - сам Бог во Христа го помири „светот со Себе" (2. Коринтјаните 5:19). Тој со својата нежна љубов ги повикува кај себе срцата на своите заскитани деца. Ниту еден земен родител не би можел да биде толку трпелив кон маните и грешките на своите деца како што е Бог кон оние што сака да ги спаси. Никој не може понежно да го повикува престапникот. Ниту една човечка усна никогаш не му се обраќале понежно на заскитаниот, отколку Неговите. Сите Негови ветувања, сите Негови предупредувања, се само воздишки на неискажлива љубов. {ПХ 35.3}

Кога сатаната доаѓа да ти каже дека си голем грешник, погледни кон твојот Откупител и зборувај за Неговите заслуги.

Гледањето кон Неговата светлина ќе ти помогне. Признајте го својот грев, но кажете му на непријателот дека „Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците“ (1. Тимотеј 1:15) и дека и вие можете да бидете спасени со Неговата ненадмината љубов. Исус на Симон му поставил прашање за двајца должници. Едниот му должел на господарот мал износ, а другиот му бил должен многу голема сума, но тој им простил на двајцата. Христос го прашал Симона, кој должник ќе го сака повеќе својот господар. Симон одговорил: „Оној, кому повеќе му простил“ (Лука 7:43). Ние сме биле големи грешници, но Христос умрел за да може да ни биде простено. Било доволно да му ги изнесе на својот Отец заслугите на својата жртва во наша корист. Оние на кои најмногу им простил, ќе го љубат најмногу и ќе стојат најблиску до Неговиот престол за да го слават заради Неговата голема љубов и неизмерна жртва. Токму тогаш, кога најдобро ќе ја сфатиме Божјата љубов, најдобро ја сфаќаме и одвратноста на гревот. Кога ќе ја видиме должината на ланецот кој се спушта до нас, кога донекаде ќе ја сфатиме големината на жртвата што Христос ја направил заради нас, тогаш нежноста и понизноста ќе го омекнат и нашето срце. {ПХ 35.4}

4.

Признавање

„Кој ги крие престапите свои, нема да напредува; а кој се кае и ги остава, ќе биде помилуван“ (Изреки 28:13). {ПХ 37.1}

Условите за добивање на Божјата милост се едноставни, праведни и разумни. Господ не бара од нас да се изложуваме на маки за да добиеме простување на гревот. Не мораме да одиме на долги и исцрпни поклонениј а, или пак да вршиме мачни покори за да му ја препорачаме нашата душа на небесниот Бог или пак да ги искупиме нашите престапи, туку оној кој признава и го остава својот грев, добива милост. {ПХ 37.2}

Апостолот вели: „Исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг за да се исцелите“ (Јаков 5:16). Признајте му ги своите гревови на Бога, кој единствено може да ви прости, а своите грешки еден на друг. Ако сте го навредиле својот пријател или ближен, треба да ја признаете својата вина, а негова должност е од срце да ви прости. Потоа треба да побарате простување и од Бога, бидејќи братот што сте го по-

вредиле е Божја своина, па ранувајќи го него сте му згрешиле и на неговиот Создател и Искупител. Тој случај се изнесува пред единствениот вистински Посредник, нашиот голем Првосвештеник, „кој искусил сè како и ние, освен грев", и кој „сочувствува во нашите слабости" (Евреите 4:15) и може да нè очисти од секоја дамка на беззаконието. {ПХ 37.3}

Оние кои своите души не ги понизиле пред Бога, со признавање на својата вина, сè уште не го исполниле ниту првиот услов да бидат примени. Ако не се покаеме вистински и неповратно, ако во длабока понизност и потиштеност на срцето не сме си ги признале гревовите, згрозувајќи се од своето беззаконие, ние никогаш вистински не сме побарале простување на гревовите; а ако никогаш не сме побарале, никогаш не сме го нашле Божјиот мир. Единствената причина зошто не сме добиле простување на минатите гревови е нашата неподготвеност да го потчиниме нашето срце и да ги исполниме условите на Словото на вистината. Во врска со ова прашање ни се дадени јасни упатства. Признавањето на гревовите, било јавни или тајни, мора да биде искрено и јасно изразено. Тоа не смее да се даде лесно и непромислено, ниту пак смее присилно да се бара од оние кои не стекнале јасна претстава за одвратната природа на гревот. Признавањето, поттикнато од длабочината на душата ќе го најде својот пат до Бога кој е полн со бескрајна милост. Псалмистот вели: „Блиску е Господ до оние со скршено срце, и смирените по дух ќе ги спаси" (Псалм 34:18). {ПХ 37.4}

Вистинското признавање секогаш има точно одреден карактер и се однесува на одредени гревови. Тие можат да бидат од таква природа што треба да се признаат само пред Бога; или пак тоа се зли дела кои мораат да им се признаат на поединци кои поради нив претрпеле штета; или тие можат да бидат од јавен карактер, и затоа треба јавно да се признаат. Сите признанија мораат да бидат одредени и точно искажани, признавајќи ги токму оние гревови за кои сме виновни. {ПХ 38.1}

Во Самоиловите дни, Израелците се оддалечиле од Бога. Тие ги поднесувале последиците од гревот затоа што ја изгубиле својата вера во Бога, својата способност да ја видат Неговата сила и мудрост во управувањето со нацијата, изгубиле доверба во Неговата способност да го одбрани и оправда Своето дело. Го отфрлиле големиот Владетел на вселената и посакале да имаат ист облик на владеење како и околните народи. Пред да најдат мир го дале ова недвосмислено признание: „Кон сите гревови наши додадовме уште едно зло, кога баравме за себе цар" (1. Самоилова 12:19). Морале да го признаат токму оној грев за кој биле виновни. Нивната неблагодарност ја притискала нивната душа и ги одделувала од Бога. {ПХ 38.2}

Бог не може да го прифати признанието без искрено покајание и промена. Во животот мора да се видат одлучни промени; сè што го навредува Бога мора да биде отфрлено. Тоа ќе биде резултат на вистинското жалење поради гревот. Делото што сами мораме да го направиме јасно ни е откриено: „Измијте се, исчистете се; иставете ги од очите Мои лошите дела свои; престанете да правите зло; научете се да правите добро, барајте правда, спасувајте угнетен, заштитувајте сирак, застапувајте се за вдовица." (Исаија 1:16,17). „Ако тој грешник го врати залогот, го поврати ограбеното, оди по законот на животот и не врши ништо лошо, - тогаш тој ќе живее, нема да умре" (Езекиел 33:15). Говорејќи за плодот на покајанието Павле вели: „Зашто, ете, тоа што се ожалостивте по Бога, каква усрдност предизвика во вас, какво извинување, какво огорчување, каков страв, каков копнеж, каква ревност, каква горчина! Со сè покажавте дека во тоа дело сте чисти" (2. Коринтјаните 7:11). {ПХ 39.1}

Кога гревот ќе ја умртви моралната чувствителност, престапникот не ги гледа недостатоците на својот карактер и не ја сфатил тежината на злото што го сторил; и ако не се потчини на силата на Светиот Дух, тој ќе остане делумно слеп за својот грев. Неговите признанија не се искрени и сериозни. На секое

признание на својата вина тој додава оправдување како изговор за своето однесување, изјавувајќи дека никогаш не би го сторил она за што е укорен ако на тоа не го поттикнале одредени околности. {ПХ 40.1}

Откако јаделе од забранетиот плод, Адам и Ева биле исполнети со чувство на срам и ужас. Најпрвин размислувале за тоа како да го оправдаат својот грев и да ја избегнат ужасната смртна казна. Кога Господ ги прашал за нивниот грев, Адам одговорил, префрлувајќи ја вината делумно на Бога, а делумно на својата сопатничка: „Жената, која ми ја даде Ти, таа ми даде плод од дрвото, и јас јадев." Жената ја префрлила вината на змијата велејќи: „Змијата ме измами, и јас јадев" (Создавање 3:12,13). Зошто си ја создал змијата? Зошто си дозволил да влезе во Едем? Овие прашања биле вклучени во нејзиниот изговор поради направениот грев прогласувајќи го Бога одговорен за нивниот пад. Духот на самооправдување потекнува од таткото на лагата и се има покажано во сите синови и ќерки на Адам. Ваквите признанија не се вдахновени со божествениот Дух и Бог не може да ги прифати. Вистинското покајание го наведува човекот сам да ја понесе својата вина и да ја признае без измама или лицемерие. Како кутриот цариник што не се осмелувал ниту очите да ги подигне кон небото, тој ќе извика: „Боже, биди милостив кон мене грешниот." Оние коишто ќе ја признаат својата вина ќе бидат оправдани, бидејќи Исус со Својата крв ќе се заложи за сите души што се каат. {ПХ 40.2}

Примерите на вистинско покајание и понизност, запишани во Божјата реч, ни откриваат дух на признавање во кој нема изговор за гревот или обид за самооправдување. Павле не се обидел да се оправда; тој го доловува својот грев во најтемни бои, не обидувајќи се да ја намали својата вина. Тој вели: „Откако добив власт од првосвештениците, многу светии затворив, а кога ги убиваа, и јас одобрував, и често ги мачев по сите синагоги и ги принудував да хулат на Исус и, разјарен, без мерка ги

гонев нив дури и до туѓите градови" (Дела 26:10,11). Не се двоумел да изјави дека „Христос Исус дојде во светот да ги спаси грешниците, меѓу кои сум прв јас" (1. Тимотеј 1:15). {ПХ 41.1}

Понизното и скршено срце, потчинето со вистинското покајание, ја уважува Божјата љубов и цената на Голгота; и како што синот му признава на саканиот татко, така и вистинскиот покајник ќе ги изнесе своите гревови пред Бога. Стои напишано: „Ако ги исповедаме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нè очисти од секаква неправда" (1. Јованово 1:9). {ПХ 41.2}

5.

Посветување

Бог ветил: „Ќе Ме побарате, и ќе Ме најдете, ако Ме побарате од сè срце" (Еремија 29:13). {ПХ 43.1}

Целото срце мора да му се предаде на Бога, или промената, со која треба да бидеме обновени во Негов лик, никогаш нема да се случи во нас. По природа ние сме отуѓени од Бога. Светиот Дух ја опишува нашата состојба со зборовите: „Мртви поради престапи и гревови"; „Целата глава ви е во рани, и целото срце ви е изнемоштено"; „Од главата до петите нема во тој народ здраво место." Ние сме заробени во мрежата на сатаната, кој „ги уловил живи за да ја исполнуваат неговата волја" (Ефесјаните 2:1; Исаија 1:5,6; 2. Тимотеј 2:26). Бог сака да нè излекува, да нè ослободи. Но, бидејќи тоа бара целосна промена, обновување на целата наша природа, ние мора целосно да Му се предадеме Нему. {ПХ 43.2}

Борбата со самиот себе е најголемата борба што некогаш се водела. Личното предавање, целосното предавање на Божјата волја, бара борба; но душата, пред да може да се препороди и да стане света, мора да Му се покори на Бога. {ПХ 43.3}

Божјото владеење не е засновано, како што тоа би сакал да го прикаже сатаната, на слепо покорување, на неразумно ограничување. Тоа се обраќа до разумот и совеста. „Тогаш дојдете и ќе се пресуди" (Исаија 1:18), е повикот на Творецот кон суштествата што ги создал. Бог не врши притисок врз волјата на Своите созданија. Тој не може да ги прифати изразите на почитување кои не се поттикнати доброволно и свесно. Изнудената потчинетост би го спречила вистинскиот развој на умот или карактерот; би направила од човекот најобичен автомат. Тоа не е намерата на Творецот. Тој сака човекот, врвното дело на Неговата творечка сила, да го достигне највисокиот степен на развој. Тој пред нас ја поставува височината на благословот до кој сака да нè воздигне преку Својата благодат. Тој нè повикува да Му се предадеме, за да може да ја оствари Својата волја во нас. Нам ни е оставено да решиме дали сакаме да бидеме ослободени од ропството на гревот, за да имаме удел во славната слобода на Божјите синови. {ПХ 43.4}

Ако сакаме да се предадеме на Бога, ние безусловно мораме да се откажеме од сето она што може да нè одвои од Него. Затоа Спасителот вели: „Така и ниеден од вас, кој нема да се откаже од сè што има, не може да биде Мој ученик" (Лука 14:33). Мораме да се откажеме од сето она што може нашето срце да го одврати од Бога. Мамонот е идол на мнозина. Љубовта кон парите, желбата за богатство, претставува златен синџир кој ги врзува за сатаната. Друг друштвен слој обожава углед и световна чест. Животот исполнет со себично безделничење и ослободен од одговорности е идол на трети. Но овие ропски окови мораат да се раскинат. Ние не можеме половично да му припаѓаме на Господа, а половично на светот. Ние не сме Божји деца ако не сме тоа во целост. {ПХ 44.1}

Има и такви кои тврдат дека Му служат на Бога, но се потпираат на сопствените напори да го држат Неговиот закон, да формираат праведен карактер, и да обезбедат спасение. Нив-

ните срца не се поттикнати од длабокото разбирање на Христовата љубов, туку обврските на христијанскиот живот ги исполнуваат како услови што Бог им ги поставил за да го придобијат Небото. Таквата религија нема никаква вредност. Кога Христос живее во срцето, душата ќе биде толку исполнета со Неговата љубов, толку радосна во заедницата со Него, што ќе се прилепи кон Него; и размислувајќи за Него, ќе заборави на себе. Љубовта кон Христа ќе биде извор на дејствување. Оние што ја чувствуваат силата на Божјата љубов, не прашуваат како со помалку труд можат да ги исполнат Божјите барања; тие не ги бараат најниските мерила, туку имаат за цел да бидат во совршена согласност со волјата на својот Искупител. Со искрена желба тие жртвуваат сè и покажуваат интерес кој е сразмерен со вредноста на целта кон која тежнеат. Признавањето на Христа без таква длабока љубов е празен разговор, сув формализам, тежок јарем. {ПХ 44.2}

Дали мислите дека да Му се предаде сè на Христа е премногу голема жртва? Прашајте се самите себеси: „Што дал Христос за мене?" Божјиот Син дал сè - животот, љубовта и трпението - за да нè откупи нас. Можеме ли ние, иако недостојни за толку голема љубов, да го изоставиме Него од своето срце? Во текот на целиот наш живот, секој миг, ние сме учествувале во благословите на Неговата благодат, и поради оваа причина не можеме во целост да ја сфатиме длабочината на незнаењето и бедата од кои нè спасил. Можеме ли да Го гледаме Оној, кој е прободен заради нашите гревови, а сепак да бидеме спремни пркосно да постапуваме кон Негова љубов и жртва? Имајќи го во предвид бескрајното понижување на Господарот на славата, дали ќе искажеме незадоволство затоа што единствено со борба и лична понизност можеме да влеземе во живот? {ПХ 45.1}

Многу горделиви срца прашуваат: „Зошто морам да се покајам и да се понижам пред да бидам уверен дека Бог ме прифатил?" Ви обрнувам внимание на Христа. Тој беше безгрешен,

и не само тоа, Тој беше Кнез на Небото, но, поради човекот, поради човечкиот род, стана грев. „Зашто Себеси на смрт се предаде, и меѓу злодејците беше вброен и ги понесе врз Себе гревовите на мнозина и за престапниците стана посредник" (Исаија 53:12). {ПХ 45.2}

А од што се откажуваме ние кога ќе дадеме сè? Од загаденото со грев срце, за Христос да го очисти, да го испере со Својата крв и да го спаси со Својата неспоредлива љубов. А сепак луѓето мислат дека е тешко да се откажат од сè! Се срамам да слушам кога се зборува за тоа, се срамам да пишувам за тоа. {ПХ 46.1}

Бог не бара да се откажеме од нешто што треба да го задржиме и што има голема важност за нас. Во сè што прави, Тој во предвид ја има благосостојбата на Своите деца. Кога сите оние, што не го избрале Христа, би можеле да сфатат дека Тој им нуди нешто многу подобро од она што самите го посакуваат. Човекот си нанесува најголема штета и неправда на својата душа, кога мисли или работи спротивно на Божјата волја. Нема вистинска радост на патот кој го забранил Оној кој знае што е најдобро и кој им посакува добро на Своите созданија. Патот на престапот е пат на беда и пропаст. {ПХ 46.2}

Во заблуда сме ако мислиме дека Бог е задоволен кога гледа дека Неговите деца страдаат. Целото Небо е заинтересирано за човековата среќа. Нашиот небесен Отец на ниедно Свое создание не му ја ускратува радоста. Божјите прописи бараат да ги избегнуваме оние желби кои би предизвикале страдање и разочарување, кои ќе ни ја затворат вратата на среќата и Небото. Искупителот на светот ги прифаќа луѓето такви какви што се, со сите нивни недостатоци, мани и слабости, и Тој не само што ќе ги исчисти од гревот и ќе ги откупи со Својата крв, туку и ќе ги задоволи најдлабоките копнежи на сите оние кои се согласни да го прифатат Неговиот јарем и да го носат Неговото бреме. Негова намера е да им дарува мир и одмор на сите оние кои

доаѓаат кај Него по лебот на животот. Тој бара од нас да ги исполнуваме само оние должности, кои нашите чекори ќе ги одведат до врвот на блаженството, до кое непослушните нема никогаш да допрат. Вистински, радосен живот на душата е во неа да се всели Христос, надежта на славата. {ПХ 46.3}

Мнозина се прашуваат: „Како да му се предадам на Бога?" Вие сакате да Му се предадете, но ви недостасува морална сила, му робувате на сомневањето и сте контролирани од навиките на своето грешно живеење. Вашите ветувања и вашите одлуки се слични на јажиња од песок. Не сте способни да ги контролирате своите мисли, своите мотиви, своите чувства. Свесноста дека сте ги прекршиле своите ветувања и изневериле своите дадени зборови, ја ослабува вашата доверба во сопствената искреност и ве наведува на помислата дека Бог не може да ве прими; меѓутоа нема потреба да очајувате. Вам ви е неопходно да разберете каква е вистинската сила на волјата. Тоа е сила која владее во човековата природа, способност на одлучување или избор. Сè зависи од правилната употреба на волјата. Бог им дал на луѓето способност на избор; до нив стои тоа да го искористат. Вие не можете да го промените своето срце, не можете сами од себе на Бога да Му ги посветите чувствата на своето срце; но можете да одлучите да Му служите. Вие можете да Му ја предадете својата волја; тогаш Тој ќе дејствува во вас да сакате и да го правите она што Нему му е угодно. Така целата ваша природа ќе биде ставена под контрола на Христовиот Дух; Тој ќе биде средиште на сите ваши чувства, вашите мисли ќе бидат во хармонија со Него. {ПХ 47.1}

Желбите за добрина и светост сами по себе се добри доколку напредуваме; но ако останеме само на нив, нема да бидат од никаква корист. Мнозина ќе бидат изгубени иако сакаат и копнеат да бидат христијани. Тие не успеале својата волја да му ја потчинат на Бога. Затоа сега не се одлучуваат да бидат христијани. {ПХ 47.2}

Ако правилно се служите со својата волја, во вашиот живот може да се случи целосна промена. Ако својата волја му ја предадете на Христа, ќе се соедините со силата која е над сите поглаварства и власти. Одозгора ќе добиете сила да останете непоколебливи и така со постојано предавање на Бога ќе бидете оспособени да живеете нов живот, живот на вера. {ПХ 48.1}

6.

Вера и прифаќање

Кога Светиот Дух ќе ја разбуди вашата совест, ќе разберете нешто од стравотиите на гревот, неговата моќ, неговиот злочин, неговата беда и со одвратност ќе почнете да гледате на него. Ќе сфатите дека гревот ве одвоил од Бога, дека сте под ропство на силите на злото. Колку повеќе се борите да се ослободите, толку повеќе ја согледувате својата беспомошност. Вашите мотиви се нечисти, вашето срце е нечисто. Ќе разберете дека вашиот живот бил исполнет со себичност и грев. Ќе копнеете за простување, за очистување, за ослободување. Хармонија со Бога, сличност со Него - што можете да направите за да го постигнете тоа? {ПХ 49.1}

Вам ви е потребен мир - небесно простување и мир и љубов во душата. Тоа не може да се купи со пари, да се постигне со разум, до тоа не се доаѓа со мудрост; не можете да се надевате дека кога и да е, тоа ќе го обезбедите со своите лични напори. Но, Бог тоа ви го нуди како подарок, „без пари и без плаќање" (Исаија 55:1). Сето тоа е ваше само ако ја подадете раката да го земете. Господ вели: „Гревовите ваши да се и алово црвени -

како снег ќе ги побелам; да бидат црвени и како пурпур - како волна ќе станат бели" (Исаија 1:18). „Ќе ви дадам ново срце, и нов дух ќе ви дадам" (Езекиел 36:26). {ПХ 49.2}

Вие сте ги признале своите гревови и во срцето сте решиле да ги отфрлите. Сте донеле одлука да Му се предадете на Бога. Појдете сега кај Него, молете Го да ги измие вашите гревови и да ви даде ново срце. Потоа верувајте дека Тој тоа го прави затоа што така ветил. Тоа е лекцијата што Исус ја поучувал додека бил на Земјата; мораме да веруваме дека навистина го примаме дарот што Бог ни го ветил, и тогаш тој е наш. Исус ги лекувал луѓето од нивните болести кога тие верувале во Неговата моќ; им помагал во она што можеле да го видат, за да ги поттикне да веруваат во она што не можеле да го видат - Тој ги водел да поверуваат во Неговата моќ да простува гревови. Тој тоа јасно го рекол при исцелувањето на човекот болен од парализа: „Но да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да проштава гревови. Тогаш му рече на фатениот: 'Стани, земи си ја постелата и оди си дома'" (Матеј 9:6). Евангелистот Јован, зборувајќи за Христовите чуда исто така вели: „А овие се запишани за да поверувате дека Исус е Христос, Синот Божји, и верувајќи да имате живот во Неговото име" (Јован 20:31). {ПХ 49.3}

Од едноставниот библиски извештај за тоа како Исус ги лечел болните, можеме да научиме нешто и за тоа како треба да веруваме во Него за да можеме да добиеме простување на гревовите. Да се свртиме кон извештајот за парализираниот во Витезда. Сиротиот страдалец бил беспомошен; не ги користел своите нозе триесет и осум години. Сепак, Исус му наредил: „Стани, земи ја постелката своја и оди си" (Јован 5:8). Болниот можел да каже: „Господи, ако ме излечиш, ќе го послушам Твојот збор." Но, не, тој им верувал на Христовите зборови, верувал дека веќе е излечен, и затоа уште еднаш направил напор; сакал да оди и одел. Тој постапил според Христовите зборови, и Бог му дал сила. Бил излечен. {ПХ 50.1}

И вие како грешници сте во слична положба. Вие не можете да ги искупите своите минати гревови, не можете да го промените своето срце и да бидете свети. Но Бог ветува дека сето тоа ќе го стори за вас преку Христа. Вие верувате во тоа ветување. Ги признавате своите гревови и Му се предавате на Бога. Вие сакате да Му служите. И откако ќе го направите тоа, Бог ќе го исполни зборот што ви го дал. Ако верувате во ветувањето - верувајте дека гревовите ви се простени и дека сте чисти - Бог го исполнува ветувањето; вие сте излечени, исто како што Исус му дал сила на парализираниот да оди кога човекот поверувал дека е излечен. Тоа е така, ако верувате во тоа. {ПХ 51.1}

Не чекајте да почувствувате дека сте излечени, туку речете: „Верувам во тоа; тоа е така, не затоа што јас тоа го чувствувам, туку затоа што Бог така ветил." {ПХ 51.2}

Исус вели: „Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете - и ќе ви биде" (Марко 11:24). За ова ветување постои услов - да се молиме во согласност со Божјата волја. Меѓутоа, токму Божја волја е да нè очисти од гревот, да нè направи Свои деца, и да нè оспособи да живееме свет живот. Така ние можеме да се молиме за тие благослови, да веруваме дека ги примаме и да му заблагодариме на Бога што сме ги примиле. Наша привилегија е што одиме кај Исуса да се очистиме и да застанеме пред Законот без срам или грижа на совеста. „И така, сега нема осудување за оние, кои се во Христа Исуса, и одат не по телото, туку по Духот" (Римјаните 8:1). {ПХ 51.3}

Отсега не сте свои; купени сте скапо. „Знаејќи дека со пропадливо сребро или злато не сте искупени... туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне - Христос" (1. Петрово 1:18, 19). Со овој едноставен чин, верувајќи Му на Бога, Светиот Дух зачнал нов живот во вашето срце. Вие сте како дете родено во Божјото семејство и Тој ве сака, како што го сака Својот Син. {ПХ 51.4}

Сега кога сте Му се предале на Исус, не се повлекувајте, туку од ден на ден говорете: „Јас сум Христов; јас Му се предадов Нему!" Молете Го да ви го даде Својот Дух и да ве сочува со Својата благодат. И како што со предавање на Бога и верувајќи во Него, сте станале Негово дете, така и треба да живеете во Него. Апостолот вели: „Како што Го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него" (Колосјаните 2:6). {ПХ 52.1}

Некои како да сметаат дека мораат да бидат ставени на проба, дека мораат да Му докажат на Господа дека се измениле пред да можат да го побараат Неговиот благослов. Но Божјиот благослов тие можат да го бараат и сега. Ним им е потребна Неговата благодат, Христовиот Дух, да им помогне во нивните слабости или не ќе можат да му се спротивстават на злото. На Исуса му е мило да дојдеме кај Него онакви какви што сме, грешни, беспомошни, зависни. Можеме да дојдеме со сите свои слабости, свои лудости, со својата грешност и покајнички да паднеме пред Неговите нозе! Нему Му е мило да нè земе во прегратките на Својата љубов, да ги завитка нашите рани, да нè очисти од секоја нечистотија. {ПХ 52.2}

И токму овде илјадници не успеваат; тие не веруваат дека Исус им простува лично и поединечно. Тие не го држат Бога за Неговата реч. Предноста на сите оние кои ги исполнуваат условите е да знаат дека простувањето без ограничување се однесува на секој нивен грев. Отфрлете го сомневањето дека Божјите ветувања не се однесуваат на вас! Тие се упатени на секој грешник кој се кае. Христос обезбедил сила и благодат за да ангелите кои служат им ги предадат на секоја душа која верува. Никој не е толку грешен за да не може да најде сила, чистота и праведност во Христа, кој умрел за него. Тој чека да ги соблече облеките што се извалкани и осквернети со грев и да ги облече во бела облека на праведноста; Тој ги повикува да живеат, а не да умрат. {ПХ 52.3}

Бог не постапува со нас онака како што смртниците постапуваат еден со друг. Неговите мисли се мисли на милост, љубов и најнежно сочувство. Тој вели: „Нечесниот нека го остави патот свој, и беззаконикот - помислите свои и нека се обрати кон Господ, нашиот Бог, - и Тој ќе го помилува, зашто е многу милостив." „Ќе ги растерам како магла твоите беззаконија, и твоите гревови - како облак" (Исаија 55:7; 44:22). {ПХ 53.1}

„Зашто Јас не сакам никој да умре, вели Господ Бог; но поправете се - и живејте" (Езекиел 18:32). Сатаната е подготвен да ви го оттргне погледот од Божјите блажени уверувања. Тој сака да ѝ ја одземе на душата секоја искра на надеж и секој зрак на светлина; но вие не смеете да му го дозволите тоа. Не слушајте го искушувачот, туку кажете: „Исус умрел за да можам јас да живеам. Тој ме сака и не сака да загинам. Имам небесен Татко кој сочувствува со мене; и покрај тоа што ја злоупотребував Неговата љубов, иако немилосрдно ги трошев благословите кои ми ги даде, ќе станам и ќе отидам кај својот Татко и ќе речам: „Татко, згрешив против небото и пред тебе, и не сум веќе достоен да се наречам твој син; но прими ме како еден од своите наемници." Приказната ни покажува како и заскитаниот ќе биде примен: „И кога беше уште далеку, го виде неговиот татко и се сожали на него, па потрча, го прегрна и го целива" (Лука 15:18-20). {ПХ 53.2}

Меѓутоа, дури ни оваа приказна, иако нежна и трогателна, не успева да го искаже бескрајното сочувство на небесниот Отец. Господ преку својот пророк изјавува: „Со вечна љубов те засакав и затоа останав милостив кон тебе" (Еремија 31:3). Додека грешникот е уште далеку од Татковата куќа, трошејќи го својот имот во туѓа земја, Татковото срце копнеело по него; и секој копнеж пробуден во душата да се врати кај Бога, не е ништо друго туку нежен повик на Неговиот Дух, кој преколнува, моли, привлекувајќи го загубениот да му се врати на Татковото срце, полно со љубов. {ПХ 54.1}

Знаејќи за овие драгоцени библиски ветувања, можете ли уште да се сомневате? Можете ли да верувате дека Господ немилосрдно би отфрлил еден грешник кој копнее да Му се врати, сака да ги отфрли своите гревови и покајнички да падне пред Неговите нозе? Отфрлете ги таквите мисли! Ништо повеќе не може да ѝ наштети на вашата душа од таквите сфаќања за вашиот небесен Отец, Тој го мрази гревот, но Тој го сака грешникот, и Тој во Христовата личност се дал Себеси за сите кои можат да бидат спасени и да уживаат во вечното блаженство во царството на славата. Кој посилен и понежен израз од овој кој Тој го одбрал, може да се примени за да ја покаже Својата љубов кон нас? Тој изјавува: „Може ли жена да го заборави породот свој, а да не се смилува на чедото од утробата своја? А и кога би го заборавила, Јас тебе нема да те заборавам" (Исаија 49:15). {ПХ 54.2}

Подигнете го погледот вие кои се сомневате и треперите; бидејќи Исус живее за да посредува за нас. Заблагодарете му на Бога што го дал Својот драг Син и молете се Неговата смрт за вас да не биде залудна. Духот ве повикува денес. Дојдете со целото срце кај Исуса и побарајте го Неговиот благослов! {ПХ 54.3}

Додека ги читате ветувањата, имајте на ум дека тие се израз на неискажана љубов и милост. Големото срце на бескрајната љубов чувствува кон грешникот безгранично сожалување. „Во Кого имаме откуп преку Неговата крв, простување на гревовите" (Ефесјаните 1:7). Да, верувајте само дека Бог е ваш помошник. Тој сака да го обнови Својот морален лик во човекот. Кога ќе Му се приближите со признавање и каење, Тој ќе се приближи кон вас со милост и простување. {ПХ 55.1}

7.

Вистински христови следбеници

„Ако е некој во Христа, тој е ново создание; старото помина, ете: сè стана ново“ (2. Коринтјаните 5:17). {ПХ 57.1}

Некој можеби не ќе може да го наведе точното време или место, или сите околности во процесот на обратување, но тоа не докажува дека не се обратил. Христос му рекол на Никодим: „Ветрот дува каде што сака и гласот негов го слушаш, но не знаеш од каде иде и на каде оди; така е со секој човек роден од Духот“ (Јован 3:8). Како и ветрот кој е невидлив, чие делување јасно се гледа и се чувствува, така и Божјиот Дух делува врз човечкото срце. Таа регенерирачка сила, која ниедно човечко око не може да ја види, зачнува нов живот во душата; создава ново битие според Божјиот лик. Иако делото на Духот е нечујно и незабележливо, неговите последици се видливи. Ако срцето е обновено со Божјиот Дух, животот ќе сведочи за тоа. Иако ние не можеме ништо да направиме за да го промениме своето срце, или пак себеси да се доведеме во склад со Бога, иако не смееме воопшто да се потпираме на себеси или на своите добри дела,

нашиот живот ќе покаже дали Божјата благодат пребива во нас. Ќе се види промена во карактерот, навиките и стремежите. Ќе се види јасна разлика меѓу она што сме биле и што сме се сега. Карактерот не се открива со повремени добри или лоши дела, туку со склоности кои се покажуваат во вообичаените зборови и постапки. {ПХ 57.2}

Вистина е дека луѓето можат наизглед беспрекорно да се однесуваат и без Христовата обновувачка сила. Љубовта кон влијателност и желбата за почит од страна на другите, може да придонесе за уреден живот. Самопочитувањето може да нè натера привидно да се чуваме од злото. И себичното срце може да прави великодушни дела. На кој начин тогаш можеме да утврдиме на чија страна сме? {ПХ 58.1}

Кому му припаѓа нашето срце? Кому му се посветени нашите мисли? За кого сакаме да разговараме? Кому му ги подаруваме нашите најтопли чувства и нашата најдобра сила? Ако сме Христови, тогаш нашите мисли се со Него, најпријатно ни е да размислуваме за Него. Сè што имаме и сме, Нему му е посветено. Ние копнееме да го носиме Неговиот лик, да дишеме со Неговиот дух, да ја вршиме Неговата волја и да Му угодиме во сè. {ПХ 58.2}

Оние кои стануваат нови созданија во Исуса Христа ќе донесуваат и плодови на Духот: „Љубов, радост, мир, долготрпеливост, благост, добрина, верност, кротост, воздржливост" (Галатјаните 5:22,23). Тие веќе нема да се раководат според поранешните желби, туку преку верата во Божјиот Син ќе одат по Неговите стапки, одразувајќи го Неговиот карактер, чистејќи се како и Тој што е чист. Она што некогаш го мразеле, сега го сакаат, а она што некогаш го сакале сега го мразат. Горделивите и самоуверените сега стануваат кротки и понизни. Суетните и дрските сега стануваат сериозни и скромни. Пијаниот станува трезен, а разузданиот чист. Суетните обичаи и световната мода се оставени настрана. Христијаните нема да копнеат по над-

ворешно украсување, туку по „скриениот човек на срцето, непропадливиот украс на кроткиот и мирен дух" (1. Петрово 3:3,4). {ПХ 58.3}

Нема никаков доказ дека покајанието е искрено освен ако не донесе реформа. Грешникот може да биде сигурен дека преминал од смрт во живот, ако го обнови заветот, го врати ограбеното, ги признае своите гревови, и почне да го сака Бога и своите ближни. {ПХ 59.1}

Кога, како заблудени, грешни суштества, ќе дојдеме кај Христа и ќе добиеме простување и благодат, љубовта се раѓа во нашето срце. Секој товар ни е лесен; бидејќи е лесен јаремот што го нуди Христос. Должноста станува уживање, а жртвата задоволство. Патот кој порано ни се гледаше мрачен, сега е осветлен со зраците на Сонцето на Праведноста. {ПХ 59.2}

Убавината на Христовиот карактер ќе се види и кај Неговите следбеници. Нему му беше задоволство да ја исполнува Божјата волја. Љубовта кон Бога, ревност за Неговата слава, тоа е силата што управувала со животот на нашиот Спасител. Љубовта ги разубавила и облагородила сите Негови постапки. Љубовта е од Бога. Непосветеното срце не е во состојба да ја создаде или произведе. Таа се наоѓа единствено во срцето во кое владее Исус. „Ние Го љубиме, бидејќи Тој отпрвин нè возљуби" (1. Јованово 4:19). Во срцето кое е обновено со Божјата благодат, љубовта е правило на однесување. Таа го менува карактерот, управува со мотивите, владее со страстите, го отстранува непријателството, ги облагородува чувствата. Оваа љубов, ако се негува во срцето, го разубавува животот и насекаде околу себе шири благородно влијание. {ПХ 59.3}

Постојат две заблуди од кои Божјите деца - особено оние кои само што почнале да се потпираат на Неговата благодат – особено треба да се чуваат. Првата, за која веќе се зборуваше, е гледањето на сопствените дела, верување во она што тие дела

можат да сторат за да нè доведат во хармонија со Бога. Оној што се обидува да стане свет преку своите дела, со држење на Законот, се обидува да стори нешто што е невозможно. Сè што може човекот да направи без Христа е извалкано со себичност и грев. Само Христовата благодат, преку вера, може да нè направи свети. {ПХ 59.4}

Втората, не помалку опасна крајност е заблудата дека верувањето во Христа ги ослободува луѓето од држењето на Законот; и дека, нашите дела немаат никакво влијание врз нашето спасение бидејќи само со вера ние стануваме учесници во Христовата благодат. {ПХ 60.1}

Меѓутоа, да обрнеме овде внимание на фактот дека послушноста не е само некое формално покорување, туку служење од љубов. Божјиот закон е израз на Неговата вистинска природа; тој е олицетворение на големото начело на љубовта и според тоа темел на Неговото владеење на Небото и Земјата. Ако нашите срца се обновени според ликот на Бога, ако Божјата љубов е всадена во нашата душа, нема ли и Божјиот закон да се остварува во нашиот живот? Ако начелото на љубовта е всадено во срцето, ако човекот е обновен по ликот на Оној што го создал, тогаш е исполнето и новозаветното ветување: „Ќе ги вградам законите Свои во срцата нивни, и во мислите нивни ќе ги напишам" (Евреите 10:16). А ако Законот е напишан во срцето, зарем тој нема да го обликува животот? Послушноста, служењето и верноста од љубов, се вистински знак дека сме Негови ученици. Така и Писмото вели: „Зашто ова е љубовта Божја: да ги исполнуваме Неговите заповеди." „Кој вели: 'Го познав', а заповедите Негови не ги чува, тој е лажливец и во него нема вистина" (1. Јованово 5:3; 2:4). Наместо да нè ослободи од послушноста, токму верата, и само верата нè прави соучесници во Христовата благодат, која нè оспособува да бидеме послушни. {ПХ 60.2}

Ние не го заслужуваме спасението со нашата послушност, бидејќи спасението е бесплатен Божји дар кој се прима со вера.

Меѓутоа, послушноста е плод на верата. „А знаете дека Тој се јави за да ги земе нашите гревови; а грев во Него нема. Секој, кој пребива во Него, не греши; секој што греши, не Го видел, ниту Го познал" (1. Јованово 3:5,6). Еве го вистинскиот тест! Ако останеме во Христа, ако Божјата љубов живее во нас, нашите чувства, нашите мисли, нашите намери, нашите постапки ќе бидат во согласност со Божјата волја која е изразена во прописите на Неговиот свет Закон. „Чеда, никој да не ве заблудува! Кој постапува праведно, праведен е, како што е праведен Тој" (1. Јованово 3:7). Праведноста е дефинирана со мерилото на Божјиот свет Закон кој е изразен во десетте заповеди дадени на Синај. {ПХ 61.1}

Онаа таканаречена вера во Христа, која тврди дека ги ослободува луѓето од должноста да му бидат послушни на Бога, не е вера туку претпоставка. „Зашто по благодат сте спасени преку верата." Меѓутоа „верата, ако нема дела, сама по себе е мртва" (Ефесјаните 2:8; Јаков 2:17). Пред да дојде на Земјата, Исус рекол за Себе: „Со задоволство ќе ја исполнам волјата Твоја, Боже мој; Твојот Закон е во срцето мое" (Псалм 40:8). Непосредно пред Своето повторно вознесување на небото, Тој рекол: „Јас ги запазив заповедите на Мојот Отец и останувам во љубовта Негова" (Јован 15:10). Писмото вели: „По тоа знаеме дека сме Го познале, кога ги чуваме Неговите заповеди... Кој вели дека во Него пребива, должен е да постапува така, како што постапи и Тој" (1. Јованово 2:3-6). „Зашто и Христос пострада за вас, оставајќи ни пример за да врвиме по Неговите стапки" (1. Петрово 2:21). {ПХ 61.2}

Условот за вечен живот и сега е ист каков што бил секогаш – токму онаков каков што бил во рајот пред падот на нашите прародители - совршена послушност на Божјиот закон, совршена праведност. Кога вечниот живот може да се добие под било кој друг услов од овој, тогаш среќата на целата вселена би била доведена во опасност. На гревот тогаш би му бил отворен

патот, со сета своја несреќа и беда, да стане овековечен. {ПХ 62.1}

Пред падот, Адам можел со послушност на Божјиот закон да формира праведен карактер. Но тој тоа не успеал да го стори, па поради неговиот грев и нашата природа станала грешна, и ние не сме во состојба себеси да се направиме праведни. Затоа што сме грешни, несвети, ние не можеме совршено да го почитуваме светиот Закон. Ние немаме некоја своја предност со која би можеле да ги задоволиме барањата на Божјиот закон. Меѓутоа, Христос ни овозможи решавање на проблемот. Тој живеел на Земјата соочен со истите неволји и искушенија со кои и ние се соочуваме. Живеел безгрешен живот. Умрел за нас и сега се нуди да ги земе нашите гревови, а нам да ни ја даде Својата праведност. Ако Му се предадете Нему и ако Го прифатите за свој Спасител, тогаш, заради Него, ќе бидете прогласени за праведни без оглед на сета грешност од поранешниот живот. Христовиот карактер ќе застане на местото на вашиот карактер и вие сте прифатени пред Бога како никогаш да не сте грешеле. {ПХ 62.2}

И повеќе од тоа, Христос го менува срцето. Тој со вера живее во вашето срце. Со вера и постојано потчинување на својата волја на Христа треба да ја одржувате оваа врска со Него; и сè додека го правите тоа, Тој ќе делува на вас да го сакате и да го правите она што Му е пријатно. И така можете да кажете: „А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене" (Галатјаните 2:20). Исус им рекол на Своите ученици: „Бидејќи не сте вие што ќе говорите, туку Духот на вашиот Отец ќе говори во вас" (Матеј 10:20). И тогаш, кога Христос работи во вас, вие ќе го покажете истиот дух и ќе ги правите истите дела - дела на праведност и послушност. {ПХ 62.3}

Значи, во себе немаме ништо со што би можеле да се фалиме. Немаме никаква причина за самовозвишување. Единствена основа на нашата надеж е Христовата праведност која ни се при-

пишува, и тоа што Неговиот Дух го прави во нас и преку нас. {ПХ 63.1}

Кога зборуваме за верата, мораме да имаме на ум една разлика. Имено, постои еден вид верување кое целосно се разликува од верата. Постоењето на Бога и Неговата моќ, вистината на Неговите зборови, сето тоа се факти кои ниту сатаната и неговата војска не можат сериозно да ги негираат во срцето. Библијата вели дека „и злите духови веруваат, а треперат" (Јаков 2:19), но тоа не е вера. Таму каде што не постои само верување во Божјата реч, туку и прифаќање на Неговата волја, каде што срцето Му се предава Нему, чувствата се одлучиле за Него, таму постои вера - вера која работи со љубов и ја чисти душата. Со таква вера срцето се обновува во Божјиот лик. А срцето, кое во својата непрепородена состојба не се потчинува на Божјиот закон, ниту тоа навистина го може, сега е восхитено од Неговите свети прописи, и заедно со псалмистот извикува: „Колку го засакав, Господи, Твојот закон; секој ден се поучувам од него" (Псалм 119:97). И праведноста на Законот се исполнува во нас, „кои не живееме според телото, туку според Духот" (Римјаните 8:1). {ПХ 63.2}

Има и такви кои ја запознале Христовата љубов која простува и кои навистина сакаат да бидат Божји деца, но се свесни дека карактерот не им е совршен, дека нивниот живот е грешен, па затоа се спремни да се посомневаат дека нивното срце навистина е обновено преку делувањето на Светиот Дух. На таквите сакам да им кажам: Не очајувајте! Ние ќе мораме често да паѓаме пред нозете на Исус и да плачеме поради своите недостатоци и грешки, но не треба да се обесхрабриме! Дури и ако непријателот нè совладал, Бог не нè отфрла, не нè заборава и не нè напушта! Не, Христос се наоѓа од десната страна на Бога, и Самиот се залага за нас. Саканиот Јован вели: „Ова ви го пишувам за да не грешите; и ако некој згреши, кај Отецот имаме Застапник, Исус Христос, Праведникот" (1. Јованово 2:1). Немојте

да заборавите на Христовите зборови: „Бидејќи Отецот Сам ве сака" (Јован 16:27). Тој сака да нè врати кај Себе, да види како Неговата чистота и светост се рефлектира во нас. Само ако сакаме да Му се потчиниме, Оној, кој го започнал доброто дело во вас, ќе го продолжи сè до денот на Исуса Христа. Молете се поревно, верувајте поцелосно! Кога ќе се посомневаме во својата сила, потпрете се на силата на својот Откупител и тогаш ќе го славиме Оној, кој е лек за нашата духовна состојба. {ПХ 64.1}

Колку повеќе Му се приближувате на Исус, толку повеќе ќе изгледате грешни во своите очи; погледот ќе ви биде појасен па ќе ја видите острата и одредена разлика меѓу своето несовршенство и Неговата совршена природа. Тоа ќе биде доказ дека измамите на сатаната ја загубиле својата моќ и дека во вас делува оживотворувачкото влијание на Божјиот Дух. {ПХ 64.2}

Никаква длабоко вкоренета љубов кон Исуса не може да живее во срцето кое не ја сфаќа својата грешност. Душата која е преобразена со Христовата благодат ќе се восхитува на Неговиот божествен карактер; но ако не ја гледаме својата морална изопаченост, тоа е сигурен доказ дека не сме ја согледале Христовата убавина и совршенство. {ПХ 65.1}

Колку помалку се цениме себеси, толку повеќе ќе ја цениме бескрајната чистота и убавина на нашиот Спасител. Погледот на нашата грешност нè води до Оној кој може да ни прости; и кога душата, откако ќе ја сфати својата беспомошност, ќе посегне по Христа, Тој ќе се открие во сила. Колку повеќе свеста за сопствената немоќ нè гони кон Него и кон Божјата реч, ќе имаме сè повозвишени погледи за Неговиот карактер и поцелосно ќе го одразуваме Неговиот лик. {ПХ 65.2}

8.

Растење во Христа

Промената на срцето со која стануваме Божји деца, во Библијата се зборува како за ново раѓање. На друго место е споредена со ’ртење на добро семе што го посеал домаќинот. На сличен начин, оние кои тукушто Му се обратиле на Христа, треба „како новородени деца“ да „израснат“ до висината на растот на мажите и жените во Исуса Христа. (1. Петрово 2:2; Ефесјаните 4:15). Или, како доброто семе што е посеано во полето, тие треба да израснат и да донесат род. Исаија вели дека тие треба „да се наречат дабови на правда, градина на Господ за Негова слава“ (Исаија 61:3). И така од животот во природата се земени сликовити илустрации за да ни помогнат подобро да ги разбереме таинствените вистини од духовниот живот. {ПХ 67.1}

Сета човечка мудрост и знаење не можат да создадат живот ниту во најмалиот предмет во природата. Само со животот кој самиот Бог го дал, можат да живеат и растенијата и животните. Значи, само со животот од Бога се зачнува духовниот живот во човечкото срце. Ако човекот „не се роди одозгора“ (Јован 3:3),

не може да земе учество во животот што Христос дошол да ни го даде. {ПХ 67.2}

Како што е со животот, така е и со растењето. Бог е тој што прави пупката да расцвета и цветот да донесе род. Со Неговата моќ семето се развива и „донесува плод, најнапред стебленце, па клас, а потоа и полно зрно во класот" (Марко 4:28). Пророкот Осија кажува за Израел дека ќе „цвета како крин." „Ќе имаат жито во изобилие - па ќе цветаат како лоза" (Осија 14:5,7). Исус ни налага: „Погледајте ги лилјаните како растат" (Лука 12:27). Растенијата и цвеќето не растат со сопствен труд, грижа или напор, туку примајќи го она што Бог им го дал да им послужи на нивниот живот. Детето не може, со никаков свој напор или сила, да го зголеми својот раст. Така ниту вие не можете со свој напор или грижа да си го осигурите своето духовно растење. Растението и детето растат примајќи го од својата околина она од што им зависи животот - воздух, сончева светлина и храна. Она што овие дарови на природата се за животното и за растението, тоа е Христос за оние што веруваат во Него. Тој е нивна „вечна светлина", „сонце и штит" (Исаија 60:19; Псалм 84:11). Тој ќе биде како „роса за Израел". „Како дожд на ливада" (Осија 14:5; Псалм 72:6). Тој е живата вода, „лебот Божји... кој слегува од небото и му дава живот на светот" (Јован 6:33). {ПХ 67.3}

Со ненадминливиот дар на Својот Син, Бог го опкружил светот со атмосфера на благодат исто така вистинска како што е воздухот кој кружи околу Земјината топка. Сите кои ќе одлучат да ја вдишуваат таа животодавна атмосфера, ќе живеат и ќе израснат до висината на растот човечки во Исуса Христа. {ПХ 68.1}

Како што цветот се врти кон Сонцето, за блескавите зраци да можат да му помогнат во усовршувањето на неговата убавина и симетрија, така и ние треба да се свртиме кон Сонцето на праведноста, за да може небесната светлина да нè осветли и да го развие нашиот карактер по примерот на Христа. {ПХ 68.2}

Истото тоа го кажал Исус кога рекол: „Бидете во Мене, и Јас ќе бидам во вас. Како што прачката не може да роди плод сама од себе, ако не е на лозата, така и вие, ако не бидете во Мене... зашто без Мене не можете да направите ништо" (Јован 15:4,5). За да можете да живеете свет живот, вие исто така зависите од Христа како што прачката зависи од лозата за да расте и да донесе род. Одвоени од Него вие немате живот. Немате сила да му се спротивставите на искушението или да растете во благодат и светост. Опстојувајќи во Него, можете да напредувате. Црпејќи живот од Него, нема да се исушите и да останете без родот свој. Ќе бидете слични на дрво кое е засадено покрај поток. {ПХ 68.3}

Многумина сметаат дека еден дел од работата мораат да ја извршат сами. Тие Му се довериле на Христа за да добијат простување на гревот, но сега се трудат да живеат праведно со свои напори. Меѓутоа, секој таков напор мора да пропадне. Исус вели: „Без Мене не можете да направите ништо!" Нашето растење во благодатта, нашата радост, нашата корисност се зависни од нашето единство со Христа. Само тогаш, ако секој ден и секој час сме во заедница со Него - само ако живееме во Него, ќе можеме да растеме во благодатта. Тој не е само „Зачетник" туку и „Извршител" на нашата вера! Во секое време Христос е прв, последен и секогаш. Тој треба да биде со нас не само на почетокот и на крајот на нашиот пат, туку и на секој чекор од патот. Давид вели: „Секогаш пред очи ми е Господ, зашто Тој е од мојата десна страна, за да не се поколебам" (Псалм 16:8). {ПХ 69.1}

Дали се прашувате: „Како да останам во Христа?" - На ист начин како што сте Го примиле на почетокот. „Како што Го примивте Господ Исус Христос, така и одете по Него!" „А праведниот преку верата ќе биде жив" (Колосјаните 2:6; Евреите 10:38). Вие себеси сте Му се предале на Бога да бидете потполно Негови, да Му служите и да Го слушате, и сте го прифатиле Христа како свој Спасител. Вие не можете сами да ги искупите своите гревови или да го промените своето срце; но откако сте се предале на

Бога, верувате дека Тој поради Христа, сето тоа го сторил за вас. Со вера сте станале Христови, и со вера треба да растете во Него - давајќи и земајќи. Вие треба да дадете сè - своето срце, својата волја, својата служба - себеси да Му се предадете Нему и да бидете послушни на сите Негови барања; вие морате и да земете сè - Христос, полнината на сите благослови, да живее во вашето срце, да биде ваша Сила, ваша Праведност, ваш вечен Помошник - да ви дарува моќ да бидете послушни. {ПХ 69.2}

Наутро посветете Му се на Бога; тоа нека ви биде прва работа. Вашата молитва нека биде: „Земи ме, о Господе, потполно да бидам твој! Сите мои планови ги ставам пред Твоите нозе. Употреби ме денес во Твојата служба. Биди со мене и целото мое дело нека биде извршено во Тебе!" Така треба да биде секој ден. Секое утро посветувајте му се себеси на Бога за тој ден. Изнесете Му ги сите свои планови со цел Неговото провидение да покаже дали треба да ги остваримe или отфрлиме. И така, од ден на ден, можете својот живот да го предавате во Божји раце; и на тој начин вашиот живот ќе се обликува сè повеќе и повеќе на Христовиот живот. {ПХ 70.1}

Животот во Христа е живот исполнет со спокојство. Можеби во него нема да има занес на чувствата, но ќе има постојана, спокојна доверба. Вие не се надевате во себе туку во Христа! Вашата слабост е соединета со Неговата сила, вашето незнаење со Неговата мудрост, вашата кревкост со Неговата издржливост. И така не треба да гледате на себе, не треба да се занимавате со себе, туку гледајте на Христа! Вашиот ум нека се занимава со Неговата љубов, убавина и совршенството на Неговиот карактер. Христос во Своето самооткажување, Христос во Своето понижување, Христос во Својата чистота и светост, Христос во Својата неспоредлива љубов – ова е тема размислување на душата. Сакајќи го Него, следејќи го Него, целосно потпирајќи се на Него, вие ќе се преобразите во Неговиот лик. {ПХ 70.2}

Исус вели: „Бидете во Мене!" Овие зборови ја содржат мислата за одмор, постојаност и доверба. И повторно Тој повикува: „Дојдете кај Мене... и Јас ќе ве успокојам!" (Матеј 11:28). Зборовите на псалмистот ја изразуваат истата мисла: „Биди кроток пред Господ и на Него надевај се!" Исаија нè уверува: „Во кроткаta надеж е вашата сила" (Псалм 37:7; Исаија 30:15). Овој одмор не се наоѓа во некаква неактивност, зашто во повикот на Спасителот ветувањето за одмор е поврзано со повик за работа: „Земете го Мојот јарем на себе... и ќе најдете мир за душите ваши" (Матеј 11:29). Срцето кое целосно се потпира врз Христа, ќе биде најсериозно и најтрудољубиво во работата за Него. {ПХ 71.1}

Кога сме опседнати со себе, нашиот ум се одвраќа од Христа, Изворот на силата и животот. Затоа сатаната постојано се труди да го одврати вниманието од Спасителот и со тоа да го спречи единството и заедницата на душата со Христа. Световните задоволства, животните грижи, несигурноста и тагата, маните на другите, или вашите сопствени мани и недостатоци - тоа се предмети на кои тој, на еден од нив или на сите заедно, сака да го пренасочи вашиот ум. Не дозволувајте да ве заведат неговите лукавства! Мнозина кои се навистина свесни и кои сакаат да живеат за Бога, тој често ги наведува да се занимаваат со своите мани и слабости, и така, одвојувајќи ги од Христа, се надева дека ќе постигне победа. Ние не смееме самите себеси да станеме центар и потоа да се грижиме и да се плашиме дали ќе бидеме спасени. Сето тоа нè оддалечува од Изворот на нашата сила. Препуштете му ја на Бога грижата за себе и имајте доверба во Него. Разговарајте и мислете за Исуса. Нека вашето „јас" се изгуби во Него. Отфрлете ги сите сомнежи; отфрлете ги своите стравови. Кажете со апостол Павле: „И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене. А тоа што сега живеам во тело, живеам со верата во Синот Божји, Кој ме возљуби и Себе се предаде за мене" (Галатјаните 2:20). Потпрете се на Бога. Тој може да го

сочува она што сте Му Го довериле. Ако се препуштите во Негови раце, Тој ќе ви помогне надмоќно да победувате „преку Оној Кој нè возљуби" (Римјаните 8:37). {ПХ 71.2}

Кога Христос ја зел човечката природа, Тој се поврзал со човечкиот род со врска на љубовта која никаква сила, освен самиот човек, никогаш не ќе може да ја раскине. Сатаната постојано ќе ги подметнува своите стапици за да нè наведе да ја прекинеме таа врска – да одлучиме да се одвоиме од Христа. Токму тука е потребно да се чуваме, да се трудиме, да се молиме ништо да не нè наведе да избереме друг господар; бидејќи секогаш имаме слобода тоа да го направиме. Но нека нашите очи секогаш бидат вперени во Христа, и Тој ќе нè сочува. Гледајќи на Исуса, ние ќе бидеме безбедни. Ништо не може да нè отргне од Неговата рака. Гледајќи го секогаш Него ние „се преобразуваме во истиот лик, од слава во слава, како од Духот Господов" (2. Коринтјаните 3:18). {ПХ 72.1}

Така првите ученици станале слични на својот сакан Спасител. Кога учениците ги чуле Исусовите зборови, почувствувале потреба за Него. Тие Го барале, Го нашле и Го следеле. Биле со Него во куќа, крај трпеза, во клет, во поле. Биле со Него како ученици со Учителот, секој ден примајќи од Неговите усни поуки за светата вистина. Гледале во Него како слуги во својот господар, да ја дознаат својата должност. Тие ученици биле луѓе „смртни како и ние" (Јаков 5:17). И тие морале да водат иста борба со гревот. Им била неопходна истата благодат за да живеат свет живот. {ПХ 72.2}

Дури ниту Јован, возљубениот ученик, кој најцелосно ја рефлектирал сличноста со Спасителот, по својата природа не ја поседувал таа убавина на карактерот. Тој не само што бил самоуверен и желен за чест, туку жесток и огорчен на оние кои го навредувале. Но, кога се запознал со карактерот на Божјиот Син, станал свесен за своите недостатоци и тоа сознание го направило понизен. Моќта и трпението, силата и нежноста, ве-

личието и кротоста, кои секојдневно ги гледал во животот на Божјиот Син, ја исполнувале неговата душа со восхит и љубов. Од ден на ден Христос сè повеќе го привлекувал неговото срце, сè додека на крајот не се загубил себеси од вид, исполнет со љубов кон својот Учител. Неговиот гневлив, честољубив темперамент бил препуштен на влијание на Христовата сила која преобразува. Регенирачкото влијание на Светиот Дух го обновило неговото срце. Силата на Христовата љубов го преобразила неговиот карактер. Ова е сигурен резултат од заедништвото со Исуса. Кога Христос престојува во срцето, се менува целата природа. Христовиот Дух, Неговата љубов, го омекнува срцето, ја скротува душата и ги воздигнува мислите и желбите кон Бога и Небото. {ПХ 73.1}

Кога Христос се вознел на Небото, кај Неговите следбеници сè уште постоело чувството за Неговата присутност. Тоа било лично присуство, полно со љубов и светлина. Исус, Спасителот, одел, разговарал и се молел со нив, им ги кажувал зборовите на надеж и утеха на нивните срца, и додека пораката на мирот сè уште била на Неговите усни, бил земен од нив на Небото, а кога облакот од ангелите го прифатил, одекнал звук на Неговиот глас: „И ете, Јас сум со вас преку сите дни до свршетокот на светот!" (Матеј 28:20). Тој се вознел на Небото во човечка облик. Тие знаеле дека Тој се наоѓа пред Божјиот престол и дека останал нивни Пријател и Спасител, дека Неговото сочувство не се променило, дека Тој и понатаму се поистоветува со напатеното човештво. Тој ги изнесува пред Бога заслугите на Својата скапоцена крв, ги покажува Своите ранети нозе и раце, потсетувајќи на цената што ја платил за оние што ги откупил. Знаеле дека се вознел на Небото да им подготви место и дека повторно ќе дојде да ги однесе со Себе. {ПХ 73.2}

Кога се сретнале заедно по вознесението, силно посакувале своите барања да му ги изнесат на Отецот во Исусово име. Во света стравопочит се наведнале во молитва повторувајќи го

ветувањето: „Што и да посакате од Отецот, во Мое име, ќе ви даде. Досега ништо не сте барале во Мое име; барајте и ќе добиете, за да биде радоста ваша полна." (Јован 16:23,24). Сè повисоко и повисоко ја издигале раката на верата, со моќно образложение: „Христос Исус, Кој умре, но уште и воскресна, Кој е од десната страна на Бога и се застапува за нас" (Римјаните 8:34). Денот Педесетница им го донел присуството на Утешителот, за кој Христос рекол дека „ќе биде во вас". Освен тоа додал: „Подобро е за вас Јас да си отидам, зашто, ако не си отидам, Утешителот нема да дојде кај вас; ако, пак, заминам, ќе ви Го пратам" (Јован 14:17; 16:7). Од тогаш Христос требало постојано да живее со Духот во срцето на Своите деца. Нивната заедница со Него сега била поблиска отколку кога Тој лично бил со нив. Од нив зрачела светлината, љубовта и силата на Христа кој живеел во нив, така што луѓето гледајќи ги нив „се восхитуваа. Сфатија дека и тие беа со Исус" (Дела 4:13). {ПХ 74.1}

Сè што Христос бил за учениците, Тој сака да биде и за Своите деца денес; имено, Тој во Својата последна молитва, опкружен со мала група ученици, рекол: „Но не се молам само за нив, туку и за оние што преку нивните зборови ќе поверуваат во Мене" (Јован 17:20). {ПХ 75.1}

Исус се молел за нас и барал и ние да бидеме едно со Него како што Тој е едно со Својот Отец. Какво е ова единство! Спасителот рекол за Себе: „Синот не може да прави ништо Сам од Себе; Отецот, Кој е секогаш во Мене, Тој ги врши делата" (Јован 5:19; 14:10). Според тоа, ако Христос живее во нашите срца, Тој ќе делува во нас „да сакате и да дејствувате според Неговата добра волја" (Филипјаните 2:13). Ние ќе работиме како што работел и Тој; ќе покажеме ист дух. И така, љубејќи го Него и престојувајќи во Него, ние ќе „растеме во Оној, Кој е глава, Христос" (Ефесјаните 4:15). {ПХ 75.2}

9.

Живот и работа

Бог е извор на живот, светлина и радост за целата вселена. Како светлосните зраци од Сонцето, како млазови на вода што избиваат од живиот извор, од Него се излеваат благослови врз сите Негови созданија. И секаде каде што Божјиот живот престојува во срцата на луѓето, тој ќе се излева врз другите во вид на љубов и благослов. {ПХ 77.1}

Нашиот Спасител својата радост ја наоѓал во подигање и спасувањето на грешните луѓе. За да го постигне тоа, Тој не го поштедил ниту Својот живот, туку се согласил да умре на крстот, без оглед на срамот. Така и ангелите се секогаш на дело, грижејќи се за среќата на другите. Во тоа е нивната радост. Она што себичните срца го сметале за понижувачка служба - служење на оние кои се бедни и во секој поглед поинфериорни од нив по карактер и положба - тоа е дело на безгрешните ангели. Духот на Христовата самопожртвувана љубов, е дух кој го проткајува Небото и ја сочинува сржта на небесното блаженство. Тоа е духот што ќе го имаат и Христовите следбеници, тоа е дело кое тие ќе го извршуваат. {ПХ 77.2}

Кога Христовата љубов го исполнува срцето, таа не може да се сокрие, како што не може да се сокрие пријатниот мирис. Нејзиното свето влијание ќе го чувствуваат сите оние со кои доаѓаме во допир. Христовиот дух во срцето е сличен на извор во пустина чија вода постојано извира да ги освежи сите околу себе, а на оние кои се блиску до смртта да им ја разбуди желбата да се напијат од водата на животот. {ПХ 77.3}

Љубовта кон Исуса ќе се манифестира во желбата да работиме како што Тој работел за благослов и издигнување на човештвото. Тоа ќе нè наведе да покажеме љубов, нежност и сочувство кон сите суштества за кои се грижи нашиот небесен Отец. {ПХ 77.4}

Животот на Спасителот на оваа земја не бил исполнет со безделничење и угодување на себеси; туку постојано вложувал, искрени и неуморни напори за спасение на изгубеното човештво. Од јаслите па до Голгота, Тој одел по пат на самооткажување, и не барал да биде ослободен од мачните задачи, мачните патувања, исцрпувачките грижи и работата. Тој рекол: „Синот Човечки не дојде да Му служат, туку дојде да послужи и да го даде животот Свој за откуп на мнозина“ (Матеј 20:28). Ова била највозвишената цел на Неговиот живот. Сè друго било споредно и подредено на тоа. Негова храна и пијалак било да ја исполни Божјата волја и да го заврши Неговото дело. Во својата работа не се истакнувал Себеси и не барал лична полза од тоа. {ПХ 78.1}

Така и оние кои станале соучесници во Христовата благодат ќе бидат подготвени да поднесат секаква жртва, за да можат и другите за кои Тој умрел, да имаат удел во тој небесен дар. Тие ќе сторат сè што е во нивна моќ да го направат светот во кој живеат подобар. Ваквиот дух е вистински род на преобразеното срце. Кога некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им каже на другите каков драгоцен пријател нашол во Христа: спасоносната и посветена вистина не може да остане сокриена во неговото срце. Ако сме облечени во Христовата праведност

и ако сме исполнети со радоста на Неговиот Дух, кој живее во нас, нема да можеме да молчиме. Ако сме вкусиле и виделе дека Господ е добар, ќе имаме за што да говориме. Слично на Филип, кога го нашол Спасителот, и ние ќе ги повикуваме и другите да дојдат кај Него. Ќе се трудиме да им ја прикажеме сета Христова привлечност, како и невидливата стварност на светот што доаѓа. Во нас ќе постои сериозна желба да одиме по патот по кој поминал Исус. Длабоко ќе копнееме и другите околу нас да го видат „Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе" (Јован 1:29). {ПХ 78.2}

Напорите да им бидеме на благослов на другите и нам ќе ни донесат благослов. Токму затоа Бог и ни дал можност да учествуваме во планот на спасението. Тој на луѓето им дал привилегија да станат учесници во божествената природа и потоа да ги пренесуваат благословите на своите ближни. Тоа е најголемата чест, најголемата радост која Бог можел да им ја даде на луѓето. Оние што на овој начин стануваат учесници во делото на љубовта, приоѓаат најблиску до својот Творец. {ПХ 79.1}

Бог можел да им ја довери пораката на Евангелието на небесните ангели и целото дело на службата на љубовта. Можел да се послужи и со други средства за да ја исполни Својата намера. Но, во Својата неограничена љубов, Тој решил да нè направи Свои соработници, Христови и ангелски соработници, за да можеме да ги поделиме благословите, радоста и духовното воздигање, што произлегува од оваа несебична служба. {ПХ 79.2}

Ние ќе станеме едно со Христа преку заедништво со Неговите страдања. Секој акт на самопожртвуваност за доброто на другите го зајакнува духот на добродетелство во срцето на дарителот, сè повеќе го доближува до Откупителот на светот кој, „иако богат, осиромаши заради вас, да се збогатите и вие преку Неговата сиромаштија" (2. Коринтјаните 8:9). Само ако на овој начин ја исполнуваме намерата со која Бог нè создал - животот за нас ќе биде вистински благослов. {ПХ 79.3}

Ако почнете да работите онака како што Христос им кажал на Своите ученици, ако придобивате души за Него, ќе почувствувате потреба за подлабоко искуство и поголемо знаење за божествените вистини и ќе бидете гладни и жедни за праведност. Вие во молитва ќе разговарате со Бога, вашата вера ќе зајакне и вие сè пообилно ќе пиете од изворот на спасението. Противењето и неволјите на кои ќе наидувате, ќе ве водат на проучување на Библијата и на молитва. Вие ќе растете во благодатта и познавањето на Христа, и ќе стекнете богато искуство. {ПХ 80.1}

Духот на несебична работа за ближните му дава длабочина, стабилност и Христова убавина на карактерот, а на оној што го поседува, му донесува мир и среќа. Стремежите стануваат повозвишени. Нема повеќе место за немарност и себичност. Оние, кои на овој начин ги развиваат христијанските доблести, ќе растат и ќе јакнат во работата за Бога. Тие ќе имаат јасно духовно забележување, непоколеблива и сè посилна вера и ќе бидат посрдечни во молитвата. Божјиот Дух, делувајќи на нивниот дух, поттикнува во душата света складност како одговор на божественият допир. Оние, кои така со несебичен напор ќе се посветат за доброто на другите, сигурно го градат своето лично спасение. {ПХ 80.2}

Единствен начин да напредуваме во благодатта, е несебично да работиме по налогот на Христа, помагајќи им на другите, во границите на своите способности, да им послужиме на благослов на оние на кои им е потребна нашата помош. Силата доаѓа со вежбање; активноста е основен услов на животот. Оние што се трудат да водат христијански живот така што пасивно ги прифаќаат благословите кои Божјата благодат им ги дава, не правејќи ништо за Христа, слични се на луѓе кои го поминуваат животот само во јадење, не работејќи ништо. Неработењето и во духовниот како и во физичкиот свет, секогаш доведува до пропаѓање и изумирање. Човекот кој не сака да ги изложува на напор своите екстремитети, набргу ќе ја загуби секоја способ-

ност да се служи со нив. Така и христијанинот кој не ја вежба силата што ја добил од Бога, не само што нема да расте во Христа, туку ќе ја загуби и силата што веќе ја има. {ПХ 80.3}

Христовата Црква е Божјо средство за спасување на луѓето. Нејзина мисија е да го објавува Евангелието на светот. Таа обврска почива на сите христијани. Секој поединец, во склад со даровите и можностите што ги има, треба да го исполни налогот на Спасителот. Христовата љубов која ни е откриена, нè прави должници на сите кои сè уште не Го познаваат Христа. Бог ни дал светлина, не само за нас, туку да ја пренесеме и на другите. {ПХ 81.1}

Кога Христовите следбеници би биле свесни за својата должност, во незнабожечките земји би постоеле илјадници таму каде што денес има само еден кој го проповеда Евангелието. Сите оние што не можат лично да се вклучат со таа работа, сепак би ја подржувале со своите средства, со својата наклоност и своите молитви. Во христијанските земји тогаш многу посериозно би се работело за душите. {ПХ 81.2}

За да работиме за Христа, не треба да одиме во незнабожечки земји, или пак да го напуштаме кругот на својот дом, ако во него имаме должност во работата за Христа. Ова можеме да го сториме во кругот на домот, во црквата, меѓу оние со кои се дружиме и со кои сме во деловни односи. {ПХ 81.3}

Поголемиот дел од Својот живот на Земјата нашиот Спасител го поминал трпеливо работејќи во столарската работилница во Назарет. Ангелите кои служеле, го придружувале Господарот на животот, додека рамо до рамо одел со селаните и работниците кои не Го препознавале ниту пак Му укажувале чест. Тој исто така верно ја вршел Својата мисија кога работел како скромен занаетчија, како и тогаш кога ги лекувал болните или кога одел по разбранетите бранови на Галилејско езеро. Значи и во најскромните животни должности и на најниските позиции можеме да одиме и да работиме со Исуса. {ПХ 81.4}

Апостолот вели: „Браќа, секој нека остане пред Бога во она во што е повикан" (1. Коринтјаните 7:24). Деловниот човек може така да ги води своите работи, така што со својата верност ќе го прослави својот Учител. Ако е вистински Христов следбеник, тогаш својата религија ќе ја внесува во сè што работи и на луѓето ќе им го открива Христовиот Дух. Механичарот може да биде вреден и верен претставник на Оној кој напорно работел, занимавајќи се со Својата скромна животна професија меѓу галилејските ритчиња. Сите оние што се нарекуваат со Христовото име, треба да работат така што другите, гледајќи ги нивните добри дела, ќе бидат наведени да го слават својот Творец и Откупител. {ПХ 82.1}

Мнозина одбиваат да ги искористат своите дарови во Христовата служба наоѓајќи изговор дека другите имаат многу повеќе способности и предности. Преовладува мислењето дека само од оние кои се особено надарени може да се бара своите способности да ги посветат на службата за Бога. Мнозина почнаа да мислат дека талентите се дадени само на одредена, одбрана класа, а дека другите се исклучени, па според тоа, не се ниту повикани да учествуваат во напорите или наградите. Меѓутоа тоа не е така претставено во параболата. Кога господарот на домот ги повикал своите слуги, на секој човек му дал негова работа. {ПХ 83.2}

Со дух на љубов и најскромните животни должности можеме да ги извршуваме „како за Господа" (Колосјаните 3:23). Ако Божјата љубов се наоѓа во срцето, таа ќе се покаже и во животот. Околу себе ќе ширириме пријатна Христова атмосфера и со своето влијание ќе ги облагородуваме другите и ќе им бидеме на благослов. {ПХ 82.3}

Не чекајте посебни можности или исклучителни способности за да почнете да работите за Бога. Не грижете се за тоа што ќе мисли светот за вас. Ако вашиот секојдневен живот сведочи за чистотата и искреноста на вашата вера, ако вашите блиски се

сигурни дека сакате да им бидете на благослов, вашите напори никогаш нема да бидат залудни. {ПХ 83.1}

И најскромните и најсиромашните Исусови ученици можат да бидат благослов за другите. Тие можеби нема да бидат свесни дека прават нешто посебно, но со своето несвесно влијание ќе поттикнат бранови на благослови што ќе се шират и продлабочуваат, и сè до денот на конечната награда тие нема ни да знаат за нивните благословени последици. Тие не чувствуваат ниту пак знаат дека прават нешто големо. Од нив не се бара да се мачат себеси со грижата околу успехот. Треба само мирно да одат напред, верно извршувајќи го своето дело кое им го одредило Божјото провидение и нивниот живот нема да помине залудно. Правејќи така тие ќе стануваат сè послични на Христа. Соработувајќи со Бога во овој живот, тие ќе се удостојат за повозвишено дело и непоматена радост за идниот, вечен живот. {ПХ 83.2}

10.

Познавање на Бога

Многубројни се начините на коишто Бог се обидува да ни се открие и да нè доведе во заедница со Себе. Природата постојано им се обраќа на нашите сетила. Отвореното срце ќе биде трогнато со Божјата љубов и слава, кои се откриваат преку делата на Неговите раце. Чувствителното уво ги слуша и ги разбира пораките што Бог ги упатува преку природата. Зелените полиња, високите дрвја, пупките и цветовите, облаците што поминуваат, дождот кој паѓа, потокот кој жубори, величественоста на небото, сето тоа му говори на нашето срце и нè повикува да се запознаеме со Оној, кој сето тоа го создал. {ПХ 85.1}

Нашиот Спасител ги поврзал Своите скапоцени поуки со делата од природата. Дрвјата, птиците, цвеќето во долините, ритчињата, езерата, прекрасното небо, како и настаните и околностите од секојдневниот живот - сето тоа било поврзано со зборовите на вистината, со цел почесто да се сеќаваме на Неговите поуки, дури и во услови на грижи со кои е исполнет човековиот мачен живот. {ПХ 85.2}

Бог сака Неговите деца да ги ценат Неговите дела и да уживаат во едноставната, тивка убавина, со која го украсил нашиот земен дом. Тој е љубител на убавината, но повеќе од секоја надворешна привлечност Тој ја сака убавината на карактерот; Тој сака да негуваме чистота и едноставност - тивкиот мирис на цвеќето. {ПХ 85.3}

Само кога би сакале да слушаме, Божјите творечки дела би ни пружиле драгоцени поуки за послушност и доверба. Од ѕвездите, кои по своите невидливи патеки низ просторот од век во век патуваат во одреден правец, па сè до најмалите атоми - сè во природата се покорува на волјата на својот Творец. А Бог се грижи за сè и одржува сè што создал. Оној кој во Својата рака ги држи безбројните светови во бескрајниот простор, истовремено се грижи и за потребите на малото сиво врапче, кое безгрижно ја пее својата едноставна песна. Небесниот Отец нежно бдее над сите - над луѓето кои заминуваат на својата секојдневна тешка работа и над оние што се молат; над оние кои навечер одат на починка и над оние кои наутро стануваат; над богатиот кој се гости во својата палата и над сиромавиот кој ги собира своите деца околу скромната трпеза. Нема пролеана солза којашто Бог не ја видел. Нема насмевка која Тој не ја забележал. {ПХ 85.4}

О, кога би можеле целосно да веруваме во тоа, би се ослободиле од сите непотребни грижи! Нашиот живот не би бил толку полн со разочарувања каков што е сега; бидејќи сите свои грижи и мали и големи, би ги предале во рацете на Бога, кого не го збунува нивното мноштво, ниту пак го оптоварува нивната тежина. Тогаш ние би уживале душевен мир што мнозина веќе долго не го почувствувале. {ПХ 86.1}

Додека вашите сетила уживаат во привлечната убавина на Земјата, мислете на светот кој ќе дојде, светот кој никогаш нема да знае за лошото влијание на гревот и смртта, во кој лицето на природата нема да биде покриено со сенката на проклетството.

Обидете се да го замислете домот на спасените, но имајте на ум дека тој ќе биде многу прославен од сè што може да го наслика дури и најразиграната мечта. Во разновидните Божји дарови во природата го гледаме најслабиот отсјај на Неговата слава. Напишано е: „Она што око не видело, уво не чуло, ниту на човек на ум му дошло, тоа Бог го приготвил за оние кои Го љубат" (1. Коринтјаните 2:9). {ПХ 86.2}

Поетот и ботаничарот можат многу да кажат за природата, но христијанинот со голема радост ужива во убавината на Земјата, бидејќи го препознава рачното творештво на својот Отец, ја гледа Неговата љубов во цветот, грмушката и дрвото. Никој не може да го разбере вистинското значење на брегот и долината, реката и морето, ако не ги гледа како израз на Божјата љубов кон човекот. {ПХ 87.1}

Бог ни зборува преку делата на Своето провидение и преку влијанието на Својот Дух врз нашите срца. Од состојбите и околностите, во промените што секојдневно се случуваат околу нас, можеме да најдеме драгоцени поуки, ако нашите срца се отворени да ги примат. Псалмистот, следејќи ги делата на Божјото провидение, вели: „Со милоста Господова е исполнета Земјата" (Псалм 33:5). „Кој е мудар и го пази ова, ќе ја разбере милоста Господова" (Псалм 107:43). {ПХ 87.2}

Бог ни зборува во Неговото слово. Во него во јасни црти го имаме откровението на Неговиот карактер, Неговото постапување кон луѓето, и големото дело на откупот. Во него пред нас стои отворена историјата на патријарсите и пророците и другите свети луѓе од дамнина. Тоа биле луѓе „како и ние" (Јаков 5: 17). Гледаме како и тие се бореле со истите разочарувања како што се нашите, како паѓаат во искушенија како и ние што паѓаме, и како сепак храбро стануваат и победуваат со Божја благодат; и гледајќи, стекнуваат храброст во нивните стремежи за праведност. И додека читаме за драгоцените искуства што им биле дадени, за светлината, љубовта и благословот во кој може-

ле да уживаат, за делото кое го направиле преку благодатта што им била дадена, духот кој нив ги инспирирал, и во нашите срца ќе се запали пламен на свет натпревар, желба да бидеме слични со нив во карактерот – да одиме со Бога. {ПХ 87.3}

Исус за старозаветните списи рекол - а колку повеќе тоа важи за новозаветните - „Тие сведочат за Мене" (Јован 5:39), за Откупителот, Оној во кого се сосредоточени сите наши надежи за вечен живот! Да, целата Библија зборува за Христа. Од првиот запис за создавањето на светот - „И без Него ништо не стана, од она што постана" (Јован 1:3) – па сè до завршното ветување: „И еве, ќе дојдам скоро" (Откровение 22:12), насекаде читаме за Неговите дела и го слушаме Неговиот глас. Ако сакате да се запознаете со Спасителот, проучувајте го Светото Писмо. {ПХ 88.1}

Наполнете го своето срце со Божјите зборови. Тие се како жива вода, која ја гасне вашата горлива жед. Тие се живиот леб од Небото. Исус изјавува: „Вистина, вистина ви кажувам: ако не го јадете телото на Синот Човечки и не ја пиете крвта Негова, не ќе имате живот во себе!" А потоа сам објаснува: „Зборовите што ви ги кажав се дух и живот" (Јован 6:53,63). Нашите тела се изградени од она што јадеме и пиеме, и како што е тоа во телесниот живот, така е и во духовниот; она за што размислуваме, вдахнува расположение и сила на нашата духовна природа. {ПХ 88.2}

Откупувањето е тема во која и ангелите сакаат да sирнат; со неа ќе се занимаваат и за неа ќе пеат откупените во текот на бескрајните векови на вечноста. Зарем тоа не е и сега вредно за внимателно размислување и проучување? Бескрајното Исусово милосрдие и Неговата бескрајна љубов, жртвата која ја принел за нас - сето тоа нè повикува на најсериозно и најсвечено размислување. Треба да размислуваме за мисијата на Оној, кој дошол да го спаси Својот народ од неговите гревови. И додека така ги разгледуваме небесните теми, нашата вера и љубов ќе стануваат сè посилни, а нашите молитви сè поугодни за Бога,

бидејќи во нив ќе има сè повеќе вера и љубов. Тие ќе бидат разумни и огнени. Нашата доверба во Христа ќе биде сè поцврста; и секој ден врз основа на лично искуство ќе бидеме осведочени дека Тој „може за вечно да ги спаси оние што преку Него доаѓаат кон Бога" (Евреите 7:25) {ПХ 88.3}

Додека размислуваме за совршенството на Спасителот, ќе посакаме целосно да се промениме и обновиме во Неговиот безгрешен лик. Ние ќе бидеме гладни и жедни да станеме слични на Оној што го обожаваме. Колку повеќе нашите мисли се занимаваат со Христа, толку повеќе за Него ќе им зборуваме на другите и поцелосно ќе Го претставуваме на светот. {ПХ 89.1}

Библијата не е пишувана само за теолозите; туку напротив, таа е наменета на обичните луѓе. Големите вистини, неопходни за спасението, во неа се откриени јасно како ден; и никој нема да погреши ниту пак да скршне од патот освен оние кои го следат своето лично мислење наместо јасно откриената Божја волја. {ПХ 89.2}

Ние не смееме да се поведуваме по тврдењата на кој и да е човек во врска со она што учи Писмото, туку мораме самите за себе да ги проучуваме Божјите зборови. Ако им дозволиме на другите да мислат наместо нас, ќе ја осакатиме својата сила и ќе ги ограничиме своите способности. Благородните сили на умот можат да закржлават, ако не ги развиваме со размислување за темите кои се вредни да се занимаваме со нив, па така можеме да ја загубиме способноста за разбирање на длабокото значење на Божјите зборови. Умот ќе се развива, ако го вработиме со проучување на меѓусебната поврзаност на библиските теми, со споредување на еден библиски текст со друг, една духовна вистина со друга. {ПХ 89.3}

За јакнење на умот ништо друго не е покорисно од проучувањето на Писмото. Ниту една друга книга нема толкава сила да ги воздигне мислите, да ги оживее способностите како Библијата

со своите длабоки, благородни вистини. Кога Божјата реч би ја проучувале онака како што треба, луѓето би се одликувале со ширина на умот, благородност на карактерот, цврстина на намерите, какви што денес ретко се среќаваат. {ПХ 90.1}

Меѓутоа, од брзото читање на Писмото има мала корист. Некој може да ја прочита целата Библија и повторно да пропушти да ја види нејзината убавина или да го сфати нејзиното длабоко и скриено значење. Многу е покорисно да се проучува еден параграф сè додека неговото значење не стане целосно јасно, а неговиот однос кон планот на спасението очигледен, отколку да се читаат бројни поглавја без некоја одредена намера и без стекнување на корисни поуки. Библијата нека биде со вас. Кога ќе ви се укаже можност, читајте ја; врежувајте ги текстовите во вашата меморија! Дури и додека одите по улица, можете да издвоите некој стих, да размислувате за него и така да го врежете во меморијата. {ПХ 90.2}

Ние не можеме да стекнеме мудрост без сериозно, внимателно проучување и молитва. Некои делови на Писмото навистина се толку јасни, така што никој не може погрешно да ги сфати; но има и такви чиешто значење не лежи на површината, не се гледа на прв поглед. Писмото треба да се споредува со Писмото. Мора грижливо да се проучува, со молитва и размислување. И таквото проучување ќе биде богато наградено. Како што рударот ги открива жилите на драгоцената руда сокриена под земјината површина, така и оној, кој истрајно ја проучува Божјата реч, како да бара закопано богатство, ќе пронајде вистини со најголема вредност, кои биле сокриени од погледот на немарниот трагач. Вдахновените зборови, ако сериозно се примат во срцето, ќе станат слични на потоците кои течат од изворот на животот. {ПХ 90.3}

Библијата никогаш не смееме да ја проучуваме без молитва. Пред да ги отвориме нејзините страници треба да бараме просветлување од Светиот Дух, и тоа ќе ни биде дадено. Кога На-

танаил дошол кај Исуса, Спасителот извикал: „Еве вистински Израелец, во кого нема лукавство!" Натанаил рекол: „Како ме познаваш?" Исус одговорил: „Уште пред да те повика Филип, кога беше под смоквата, Јас те видов" (Јован 1:47,48). Исус и нас ќе нè види на тајните места за молитва ако од Него бараме светлина за да дознаеме што е вистина. Ангелите од светот на светлината ќе бидат со оние кои понизно бараат Бог да им го покаже патот. {ПХ 91.1}

Светиот Дух Го воздига и прославува Спасителот. Негова должност е да ни Го претстави Христа, чистотата на Неговата праведност и големото спасение што го имаме во Него. Исус вели: „Тој... од Моето ќе земе и ќе ви јави" (Јован 16:14). Духот на вистината е единствениот вистински учител на божествената вистина. Колку Бог го почитува човечкиот род кога Го дал Својот Син да умре за него; а Утешителот – Светиот Дух - го пратил да им биде учител и постојан водич. {ПХ 91.2}

11.

Молитвата како предност

Бог ни зборува со посредство на природата и откровението, преку своето провидение и влијанието на Својот Дух. Но сето тоа не е доволно; неопходно е ние пред Него да го отвориме и своето срце. За духовно да живееме и да имаме духовна сила, мораме да одржуваме вистинска врска со нашиот небесен Отец. Нашите мисли можат да се занимаваат со Него; ние можеме да размислуваме за Неговите дела, доказите на Неговата милост, Неговите благослови, но сето тоа сè уште не е во потполна смисла на зборот одржување на врска со Него. За да стапиме во врска со Бога, мора да посакаме да Му раскажеме нешто од нашиот вистински живот. {ПХ 93.1}

Молитвата е отворање на срцето пред Бога како на пријател. Не затоа што би било неопходно да Му откриеме што сме, туку за да можеме да Го примиме. Молитвата не Го симнува Бога кај нас, туку нас нè воздигнува кај Него. {ПХ 93.2}

Во текот на Својот престој на Земјата, Исус ги учел Своите ученици како да се молат. Тој им зборувал сите Сои секојдневни потреби да ги изнесат пред Бога, сите свои грижи да ги предадат

Нему. Ветувањето што им го дал дека ќе им бидат слушнати нивните молитви, ни го дал и нам. {ПХ 93.3}

И самиот Исус, додека живеел меѓу луѓето, често одел на молитва. Нашиот Спасител се изедначил со нас во нашите потреби и слабости и така станал понизен и сесрден молител, кој од Својот Отец бара нова сила за да може да оди понатаму, оспособен и за должноста и за искушението. Тој е наш пример во сè. Тој ни е брат во нашите слабости „искусил сè како и ние" (Евреите 4:15); но, како безгрешен, Неговата природа се гнасела од гревот; Тој претрпел душевни борби и страдања во светот полн со грев. Како човек, молитвата ја сметал како Своја потреба и привилегија. Тој во разговор со Својот Отец наоѓал утеха и радост. Значи ако Спасителот на луѓето, Божјиот Син, чувствувал потреба за молитва, колку повеќе слабите и грешни смртници мораат да бидат свесни за неопходноста од сесрдна, постојана молитва! {ПХ 93.4}

Нашиот небесен Татко чека да излее врз нас изобилство на Свои благослови. Наша предност е што можеме обилно да пиеме од изворот на бескрајната љубов. Зарем не е тогаш чудно што толку малку се молиме? Бог е подготвен и желен да ја чуе искрената молитва на Своето најскромно дете, но сепак е очигледно дека ние се притеснуваме да Му ги изнесеме нашите потреби! Што можат да мислат небесните ангели за бедните беспомошни човечки суштества кои се соочуваат со искушенија, за суштествата кон кои Божјото срце чувствува безгранична љубов и е готово да им подари повеќе отколку што можат да побараат или замислат, а кои толку малку се молат и имаат толку малку вера! На ангелите им е мило да се поклонуваат пред Бога; тие сакаат да бидат блиску до Него. Тие разговорот со Бога го сметаат за најголема радост; но сепак синовите на оваа Земја, на кои толку многу им треба помош, која само Бог може да им ја даде, како да се задоволни што одат без светлината на Неговиот Дух, без придружба на Неговото присуство. {ПХ 94.1}

Темнината на злото ги обвиткува оние кои ја занемаруваат молитвата. Непријателот со шепот ги искушува наведувајќи ги на грев, само затоа што не се служат со предноста што Бог им ја дал со божествената установа на молитвата. Зошто Божјите синови и ќерки би се двоумеле да се молат, кога молитвата е клуч во рацете на верата кој ги отвора небесните ризници во кои се чуваат неограничените резерви на Семоќниот? Без непрекината молитва и будно бдеење ние се изложуваме на опасноста да станеме безгрижни и да скршнеме од вистинскиот пат. Непријателот секогаш се труди да ни го попречи патот кон престолот на милоста, идејќи знае дека со сесрдна молитва и вера можеме Од Бога да добиеме благодат и сила да се спротивставиме на искушението. {ПХ 94.2}

Постојат одредени услови кои мора да ги исполниме, ако сакаме Бог да ги чуе и да одговори на нашите молитви. Еден од првите услови е да станеме свесни дека ни е потребна Неговата помош. Тој ветил: „Ќе излеам вода врз жедната земја, и потоци врз исушеното" (Исаија 44:3). Оние што се гладни и жедни за праведност, кои копнеат за Бога, можат да бидат сигурни дека ќе се наситат. Срцето мора да се отвори за влијанието на Духот, бидејќи поинаку не може да го прими Божјиот благослов. {ПХ 95.1}

Нашата голема потреба е најсилниот аргумент кој сведочи во наша полза. Сепак, Бог сака сака своите потреби да ги изнесеме во молитва. Тој вели: „Посакајте и ќе ви се даде" (Матеј 7:7), и „Кој не Го поштеди ни Својот сопствен Син, туку Го предаде за нас сите, зарем нема да ни подари со Него сè?" (Римјаните 8:32). {ПХ 95.2}

Ако негуваме беззаконие во своето срце, ако цврсто се држиме до било кој познат грев, Господ нема да нè слушне; но молитвата на скрушениот покајник секогаш ќе биде прифатена. Кога ќе ги исправиме сите зла за кои сме свесни, тогаш можеме да бидеме убедени дека Бог ќе одговори на нашите молби. Со нашите сопствени заслуги никогаш не можеме да ја придобиеме

Божјата милост; ние ќе се спасиме со Христовите заслуги, ќе се исчистиме со Неговата крв; но сепак и ние самите мораме нешто да придонесеме, мораме да ги исполниме условите за да бидеме прифатени. {ПХ 95.3}

Друг важен услов на успешна молитва е верата. „Бидејќи оние кои доаѓаат кај Бога, треба да веруваат дека Тој постои и дека ги наградува оние што Го бараат" (Евреите 11:6). Исус им рекол на Своите ученици: „Сè што ќе побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете - и ќе ви биде" (Марко 11:24). Дали го држиме за збор? {ПХ 96.1}

Ветувањето е широко и неограничено, и верен е Оној кој го дал. Кога не го добиваме токму она што сме го барале, во времето кога сме молеле, и понатаму мораме да веруваме дека Господ нè чул и дека ќе одговори на нашите молитви. Ние сме толку подложни на заблуди и толку кратковидни што понекогаш го бараме и она што нема да биде на благослов, па така нашиот небесен Татко во Својата љубов одговара на молитвата, давајќи ни го она што ќе ни послужи за добро - она што и ние самите би го посакале кога нашиот поглед би бил божествено осветлен и кога би можеле реалноста да ја видиме онаква каква што е. Кога ни се чини дека не сме добиле одговор на своите молитви, сепак мораме да се држиме за ветувањето; бидејќи времето за исполнување сигурно ќе дојде и ние ќе го примиме благословот што ни е најпотребен. Но да се бара на молитвата секогаш да биде одговорено онака како што сме сакале и секогаш да го добиеме она што сме го барале, е вистинска дрскост. Бог е премногу мудар за да биде излажан и премногу добар за да им ускрати какво и да е добро на оние кои живеат праведно! И затоа без страв потпрете се на Него, дури и тогаш кога одговорот на вашите молитви нема да го добиете веднаш! Потпрете се на Неговото сигурно ветување: „Посакајте и ќе ви се даде" (Матеј 7:7). {ПХ 96.2}

Ако се поведеме по нашите сомнежи и стравови, ако се обидуваме да го разрешиме сето она што не можеме да го видиме

јасно, додека сè уште немаме вера, нашата збунетост само ќе се продлабочи и зголеми. Но, ако дојдеме кај Бога, чувствувајќи се беспомошни и зависни, какви што и навистина сме, и со вера, понизно и со доверба, ги изнесеме своите потреби пред Оној кој знае сè, пред чијшто поглед не е сокриено ништо на светот, Кој управува со сè според Својата волја и Своето слово, Тој ќе може и ќе сака да го прими нашиот повик и ќе стори од нашите срца да засветли светлина. Искрената молитва нè доведува во врска со умот на Бесконечниот. Можеби во тој миг нема да имаме никаков сигурен доказ дека лицето на нашиот Откупител се надвило над нас полно со сомилост и љубов; но сепак е така. Можеби нема да го почувствуваме Неговиот видлив допир, но Неговата рака е над нас, полна со љубов и нежно сожалување. {ПХ 96.3}

Кога доаѓаме да бараме милост и благослов од Бога, нашите срца треба да бидат вдахновени со дух на љубов и простување. Како можеме да се молиме: „Прости ни ги долговите наши, како што и ние им ги проштеваме на нашите должници" (Матеј 6:12), ако истовремено не сме готови да им простиме на другите! Ако очекуваме Бог да ги чуе нашите молитви, мораме да им простиме на другите на ист начин и со иста мера, како што очекуваме да ни биде простено и нам. {ПХ 97.1}

Истрајноста во молитвата е исто така еден од условите нашите молитви да бидат услишени. Ние мораме постојано да се молиме, ако сакаме да растеме во верата и искуството. Ние треба да бидеме „постојани во молитва" и „постојани во молитвата, бидете бодри во неа со благодарност" (Римјаните 12:12; Колосјаните 4:2). Петар ги предупредува верниците да бидат „мудри и бодри во молитвите" (1. Петрово 4:7). Павле наведува: „Туку во сè преку молитва и молба со благодарност изнесувајте ги пред Бога своите барања" (Филипјаните 4:6). Јуда кажува: „А вие, возљубени... запазете се во љубовта Божја, очекувајќи милост од нашиот Господ Исус Христос, за вечен живот" (Јуда 20,21). Пос-

тојаната молитва е непрекината заедница на душата со Бога, така што животот од Бога тече во нашиот живот, а од нашиот живот тече чистота и светост назад кон Бога. {ПХ 97.2}

Ревноста во молитвата е неопходна; ништо не треба да ја попречува вашата молитва. Вложете го секој напор да ја одржите врската помеѓу Исуса и вашата душа. Искористете ја секоја можност да одите на местата определени за молитва. Оние, кои навистина се трудат да ја одржуваат врската со Бога, ќе се видат на молитвените собири, верни во извршувањето на својата должност, искрени и желни да ги пожнеат сите благослови кои можат да се стекнат. Тие ќе ја искористат секоја можност да ги примат зраците на светлината од Небото. {ПХ 98.1}

Треба да се молиме во семејниот круг; но над сè не смееме да ја занемариме тајната молитвата; бидејќи таа претставува живот за душата. Ние не можеме да напредуваме ако ја занемариме молитвата. Семејната или јавната молитва сама по себе не е доволна. Нека човекот во самотија се отвори пред Божјото испитувачко око. Тајната молитва треба да ја чуе само Бог, кој ги слуша молитвите. Ниедно љубопитно уво не треба да ја слушне содржината на таквите молитви. Во тајната молитва човек е слободен од влијанието на околината; слободен од вознемирување. Смирено, но сепак сесрдно, душата го бара Бога. Пријатно и трајно ќе биде влијанието кое струи од Оној, кој го гледа она што е тајно, чие уво е отворено да ја чуе молитвата што излегува од срцето. Со смирена и едноставна вера човекот ја одржува врската со Бога и ги собира зраците на божествената светлина за да зајакне и да се одржи во судирот со сатаната. Бог е наш тврд град. {ПХ 98.2}

Молете се насамо; и додека се занимавате со својата секојдневна работа, нека вашето срце често се издига кон Бога. Така Енох одел со Бога. Овие тајни молитви, како скапоцен мирис се издигаат кон престолот на благодатта. Сатаната не може да го совлада оној, кој е така утврден во Бога. {ПХ 98.3}

Нема такво време и место кое не е прикладно за молитва. Не постои ништо што би можело да нè спречи да го подигнеме своето срце во духот на искрената молитва. Среде мноштвото на улица, окупирани со работните обврски, ние можеме да Му упатиме молитва на Бога и да побараме божествено водство, како што го сторил тоа Немија додека го изнесувал своето барање пред царот Артаксеркс. Место за разговор може да се најде каде и да се наоѓаме. Вратата на нашето срце мора секогаш да биде отворена, постојано треба да се повикува Христос да дојде и тука да остане како драг небесен гостин. {ПХ 99.1}

Иако сме опкружени со атмосфера на изопаченост, ние не мораме да го вдишуваме нејзиното заразно испарување, туку можеме да живееме во чистата атмосфера на Небото. Ако искрено со молитва ја издигнеме нашата душа во Божјата близина, ние можеме да го затвориме секој пристап на нечистите мечти и несветите мисли. Оние кои го отвориле своето срце за да примат поддршка и благослов од Бога, ќе одат во посвета атмосфера од оваа на земјата и ќе одржуваат постојана врска со Небото. {ПХ 99.2}

Нам ни се потребни појасни претстави за Исус и поцелосно разбирање на непоминливите вредности. Убавината на светоста треба да го исполни срцето на Божјите деца; а за да се постигне тоа, треба да бараме Бог да ни ги открие небесните вистини. {ПХ 99.3}

Треба да ја издигнеме нашата душа кон Небото, за да може Бог да ни помогне да ја вдишуваме небесната атмосфера. Ние мораме да се држиме блиску до Бога, за да можат во секое неочекувано искушение нашите мисли да се свртат кон Него, исто така природно, како што цветот се свртува кон Сонцето. {ПХ 99.4}

Изнесете Му ги на Бога своите потреби, радости, таги, грижи и стравови. Вие не можете да Го преоптоварите; не можете да

Го уморите. Оној, кој ги изброил влакната на вашата глава не е рамнодушен кон потребите на Своите деца. „Господ е многумилостив" (Јаков 5:11). Неговото срце е полно со љубов и трогнато е од нашите жалости дури и кога само зборуваме за нив. Изнесете Му го сето она што го збунува вашиот ум. На Оној, кој во својата рака ги држи сите светови и управува со сите работи во вселената, не Му е ништо премногу тешко за да го носи. Сè што на било кој начин се однесува на нашиот мир, колку и да е безначајно, Тој го забележува. Нема ниедно поглавје во нашето искуство, кое за Него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем, кој за Него би бил премногу тежок за да го реши. Нема несреќа што би го снашла Неговото најмало дете, нема грижа која би ја мачела душата, нема радост што би развеселила, нема искрена молитва што би излетала од усните, а нашиот небесен Отец да не види и веднаш да не се заинтересира. „Тој ги исцелува скршените по срце и ги преврзува раните нивни" (Псалм 147:3). Односот меѓу Бога и секоја душа е толку личен и целосен, како да нема никој друг на Земјата со кого Бог би го споделил Неговото грижливо внимание, ниту една друга душа за која би го дал Својот сакан Син. {ПХ 100.1}

Исус рекол: „Во тој ден ќе побарате во Мое име, и не ви велам дека Отецот ќе го помолам за вас; бидејќи Отецот Сам ве сака" „Јас вас ве избрав... та, што и да посакате од Отецот во Мое име, да ви даде" (Јован 16:26,27;15:16). Меѓутоа, да се молиме во Исусово име значи многу повеќе отколку да го споменеме тоа име на почетокот и на крајот од молитвата. Тоа значи да се молиме во Исусовиот ум и дух, верувајќи им на Неговите ветувања, потпирајќи се на Неговата благодат и творејќи ги Неговите дела. {ПХ 100.2}

Бог од никого не бара да стане испосник или калуѓер, да се повлече од светот за да се посвети само на богослужбени активности. Нашиот живот мора да биде сличен на Христовиот живот – меѓу планините и мноштвото. Оној што не прави ништо

друго освен што се моли, набргу ќе престане да се моли или пак неговите молитви ќе се претворат во навика. Кога луѓето ќе се повлечат од општествениот живот, кога ќе се повлечат од подрачјето на својата христијанска должност и носењето на крстот, кога ќе престанат сериозно да работат за својот Учител, кој сериозно работел за нив, нема за што повеќе да се молат, немаат веќе поттик за молитва. Нивните молитви стануваат лични и себични. Тие веќе не можат да се молат за потребите на човештвото или за изградбата на Христовото царство, ниту пак да бараат сила за работа. {ПХ 101.1}

Многу ќе загубиме ако ја занемариме предноста на меѓусебно дружење, со цел да се храбриме и јакнеме во Божјата служба. Тогаш вистините содржани во Неговото слово ќе ја изгубат својата јасност и важност за нас. Нашите срца повеќе нема да бидат просветлени и поттикнати со посветувачкото влијание на Светиот Дух; и ние духовно слабееме. Во нашето дружење како христијани многу губиме поради недостигот од меѓусебно сочувство. Оној кој живее само за себе, не го зазема местото што Бог му го одредил. Правилното негување на друштвените елементи во нашата природа нè наведува на подлабоко сочувство кон ближните и ни помага да ги развиеме и јакнеме своите сили во службата за Бога. {ПХ 101.2}

Кога христијаните меѓусебно би се дружеле, кога меѓусебно би разговарале за Божјата љубов и драгоцените вистини на откупувањето, нивните срца би биле освежени и тие меѓусебно би се храбреле. Да настојуваме секој ден да научиме нешто повеќе за нашиот небесен Отец, стекнувајќи нови искуства со Неговата благодат; и кога би го правеле тоа, нашите срца би се загреале и охрабриле. Кога повеќе би мислеле и разговарале за Исуса, а помалку за себе, тогаш би биле многу почесто во Неговото присуство. {ПХ 101.3}

Кога за Бога би размислувале барем онолку колку што имаме очигледни докази за Неговата грижа за нас, нашите мисли

секогаш би биле сосредоточени на Него и за нас би претставувало вистинско задоволство да зборуваме за Него и да Го славиме и фалиме. Ние со задоволство зборуваме за минливите работи, затоа што се интересираме за нив. Зборуваме за нашите пријатели, затоа што ги сакаме; сите наши радости и таги се поврзани со нив. Сепак, имаме многу повеќе причини да Го љубиме Бога отколку нашите земни пријатели. Треба да ни биде сосема нормално и најприродно Него да го ставиме на прво место во своите мисли, да зборуваме за Неговата добрина, да кажуваме за Неговата моќ. Богатите дарови со кои нè опсипал, не се дадени со намера толку да го обземат нашето внимание и нашата љубов, за да немаме со што да Му возвратиме на Бога; тие треба постојано да нè потсетуваат на Него и да нè поврзуваат со врска на љубов и благодарност со нашиот небесен Добродетел. Ние премногу сме врзани за низините на оваа земја. Да ги подигнеме своите очи кон отворената врата на небесното Светилиште во кое светлината на Божјата слава го одразува лицето на Христа, кој „може за вечно да ги спаси оние што преку Него доаѓаат кон Бога" (Евреите 7:25). {ПХ 102.1}

Би требало повеќе да го славиме Бога „за милоста Негова и за чудесата Негови што им ги направи на синовите човечки" (Псалм 107:8). Нашата побожност не смее да се состои само во барање и примање. Не треба постојано да размислуваме само за своите потреби, а толку малку за благословите што ги примаме. Ние никогаш не се молиме премногу, но премногу сме оскудни во изразување на благодарност. Постојано примаме Божји благослови, а сепак толку малку изразуваме благодарност, толку малку го славиме Бога за сè што направил за нас! {ПХ 102.2}

Во старо време Господ им наредил на Израелците, кога ќе се соберат на богослужение: „Јадете таму во присуство пред Господ, вашиот Бог, и веселете се – вие и семејствата ваши за секоја добивка, со која те благословил Господ, твојот Бог" (Повторени закони 12:7). Она што го правиме на Божја слава треба

да го правиме со радосно срце, со песни на пофалба и благодарност, а не со тага и намуртено. {ПХ 103.1}

Нашиот Бог е нежен и милостив Отец. На Божјата служба не треба да се гледа како на жалосна, здодевна церемонија. Треба да ни претставува вистинско задоволство да Му оддадеме слава на Бога и да учествуваме во Неговото дело. Бог, кој на Своите деца им осигурил толку големо спасение, не сака тие да се однесуваат така, како Тој да е некој строг надзорник. Тој е нивниот најдобар пријател; и кога ќе се соберат на богослужение, Тој сака да биде со нив, да ги благословува и теши, исполнувајќи ги нивните срца со радост и љубов. Господ сака Неговите деца во работа за Него да најдат утеха, работата за Него да им претставува вистинско задоволство, а не товар. Тој сака оние што доаѓаат да Му се поклонат, да понесат со себе драгоцени мисли за Неговата грижа и љубов, да можат на тој начин да бидат охрабрени во своите секојдневни животни задачи, и да имаат сила да постапуваат верно и чесно во сè. {ПХ 103.2}

Ние мораме да се собираме околу крстот. Христос, и тоа распнат, треба да биде централна тема на нашите размислувања, разговори и нашите најрадосни чувства. Треба да го паметиме секој благослов што сме го примиле од Бога, и кога ќе ја сфатиме Неговата голема љубов, треба да бидеме спремни сè да ѝ довериме на раката, која за нас била прикована на крст. {ПХ 103.3}

Издигајќи се на крилјата на благодарност, душата може сè повеќе да се приближува кон Небото. Небесните суштества Го слават Бога со песна и музички инструменти, и додека ја искажуваме нашата благодарност, ние го усогласуваме нашето богослужение со богослужението на небесните сили. „Кој принесува жртва благодарствена, тој Ме прославува!“ (Псалм 50:23). Да дојдеме радосно и со стравопочит пред нашиот Творец, со „славопои и пеење на песни“ (Исаија 51:3). {ПХ 104.1}

12.

Што да правиме со сомневањето?

Мнозина, особено оние кои се млади во христијанскиот живот, понекогаш ги обзема чувство на скептицизам. Во Библијата има бројни текстови кои тие не можат да ги објаснат, или пак да ги разберат, и сатаната ги користи да ја поколеба нивната вера во Писмото како Божјо откровение. Тие прашуваат: „Како да го препознаам вистинскиот пат? Ако Библијата е навистина Божјо слово, како можам да се ослободам од таквите сомнежи и недоумици?“ {ПХ 105.1}

Бог никогаш не бара од нас да веруваме ако не ни даде доволно докази на кои можеме да ја темелиме нашата вера. Неговото постоење, Неговиот карактер, вистинитоста на Неговите зборови, сето тоа е поврзано со доказите коишто му се обраќаат на нашиот разум; а такви докази има навистина многу. Сепак, Бог никогаш не ја отстранил можноста за сомневање. Нашата вера мора да се потпира на внатрешно осведочување, а не на надворешни докази. Оние што сакаат да се сомневаат секогаш ќе имаат можност за тоа, додека оние кои навистина копнеат да

ја запознаат вистината, ќе најдат доволно докази на кои може да се потпре нивната вера. {ПХ 105.2}

За ограниченият ум е невозможно во целост да го разбере карактерот и делата на Бесконечниот. И на најостроумниот интелект, најобразованиот ум, тоа свето Суштество секогаш ќе мора да остане обвиткано со превез на таинственост. „Можеш ли во длабочините Божји да проникнеш? Можеш ли да го достигнеш совршенството на Седржителот? Тој е повисок од небесата, - што можеш да направиш? Подлабок е од пеколот, - што можеш да дознаеш?" (Јов 11:7,8). {ПХ 105.3}

Апостол Павле извикува: „О, длабочино на богатство, мудрост и знаење Божјо! Колку се несфатливи Неговите судови и неистражливи Неговите патишта!" (Римјаните 11:33). Но иако „облак и мрак е околу Него; праведност и правда се основа на Неговиот престол" (Псалм 97:2). Ние можеме да го сфатиме Неговото постапување со нас, и побудите што го поттикнуваат, за да можеме да ја разбереме безграничноста на Неговата љубов и милост што се соединети со бесконечна сила. Неговите намери можеме да ги разбереме во онаа мера колку што е добро за нас да знаеме; а за она што е повеќе од тоа мораме да имаме доверба во раката на Семоќниот и во Неговото срце кое е полно со љубов. {ПХ 106.1}

Божјата реч, како и карактерот на нејзиниот божествен Автор, содржи во себе тајни коишто ограничените суштества никогаш не можат во целост да ги разберат. Појавата на гревот во светот, Христовото отелотворување, новораѓањето, воскресението и бројни други теми со кои се занимава Библијата, се премногу длабоки тајни за да може човечкиот ум да ги објасни или целосно да ги разбере. Меѓутоа немаме причина да се сомневаме во Божјата реч само затоа што не можеме да ги разбереме тајните на Неговото провидение. И во светот на природата постојано сме опкружени со тајни, кои не можеме да ги разбереме. И наједноставните и најниски облици на живот се проблем, кој

ниту најмудрите филозофи не се во состојба да ги објаснат. На сите страни наидуваме на чуда кои ја надминуваат нашата моќ на разбирање. Треба ли тогаш да бидеме изненадени што и во духовниот свет има тајни кои не можеме да ги разбереме? Тешкотијата лежи единствено во слабоста и ограниченоста на човечкиот ум. Бог во Светото Писмо ни дал доволно докази за нивниот божествен карактер, и ние не смееме да се сомневаме во Неговото слово, затоа што не можеме да ги разбереме сите тајни на Неговото провидение. {ПХ 106.2}

Апостол Петар вели дека во Светото Писмо постојат „некои работи тешки за разбирање, што неучените и неутврдените ги изопачуваат... за своја погибел" (2. Петрово 3:16). Тешките места во Светото Писмо скептиците ги користат како аргумент против Библијата, но, далеку од тоа, тие претставуваат силен доказ во прилог на нивното божествено вдахновение. Кога Библијата би давала само извештаи за Бога, кои би можеле лесно да ги сфатиме, кога Неговата големина и величие би можеле да го разберат ограничените умови, тогаш таа не би имала непобитни докази за Божјиот авторитет. Токму величественоста и таинственоста на презентираните теми треба да нè вдахнат со вера во Библијата како Божјо слово. {ПХ 107.1}

Библијата ја открива вистината со таква едноставност и толку совршено ја прилагодува кон потребите и копнежот на човечкото срце, што ги воодушевува и најобразованите умови и истовремено ги оспособува скромните и необразовани да го запознаат патот на спасението. Сепак, тие едноставно искажани вистини го насочуваат умот на толку возвишени и далекусежни теми, и се толку бескрајно над моќта на човечкото разбирање, што можеме да ги прифатиме само затоа што Бог ги објавил. И планот на спасението ни е откриен, така што секој може да види кои чекори на покајание треба да ги направи пред Бога, и во вера во нашиот Господ Исус Христос, да се спаси на начин кој Бог го предвидел. Сепак под овие така едноставно изнесени

вистини, лежат тајни кои ја сокриваат Божјата слава - тајни кои ја надминуваат моќта на умот кој ги проучува, а искрениот барател на вистината го вдахновуваат со стравопочит и вера. Колку повеќе ја истражуваме Библијата, подлабоко ќе биде осведочувањето дека таа е слово на живиот Бог и дека човечкиот разум мора длабоко да се поклони пред величието на божественото откровение. {ПХ 107.2}

Да се признае дека не можеме потполно да ги разбереме големите вистини на Библијата, значи само да се согласиме со фактот дека ограниченият ум е неспособен да ја сфати бесконечноста; дека човекот со своето ограничено знаење не може да ги разбере намерите на Сезнајниот. {ПХ 108.1}

Бидејќи не можат да проникнат во сите нејзини тајни, скептиците и неверниците ја отфрлаат Божјата реч; а ниту сите оние кои тврдат дека веруваат во Библијата не се ослободени од овие опасности. Апостолот вели: „Браќа, гледајте, да не би во некого од вас, да има зло и неверно срце, та да отстапи од живиот Бог" (Евреите 3:12). Треба длабоко да ги истражуваме библиските учења и да ги испитуваме „длабочините Божји" (1. Коринтјаните 2:10) онолку колку што се откриени во Библијата. Иако „она што е тајно, Му припаѓа на Господ, нашиот Бог", а откриените работи ни припаѓаат „нам и на синовите наши довека" (Повторени закони 29:29). Меѓутоа сатаната настојува да ги изопачи истражувачките способности на човечкиот ум. Во текот на проучувањето на библиските вистини до израз доаѓа еден вид своевидна гордост, бидејќи луѓето стануваат нестрпливи и се чувствуваат поразени ако секој текст на Писмото не можат да го објаснат на задоволителен начин. За нив е премногу понижувачки да признаат дека не можат да ги разберат сите вдахновени вистини. Не се подготвени трпеливо да чекаат Бог да им ја открие вистината. Мислат дека нивната човечка мудрост е доволна да го сфатат Писмото, а откако во тоа нема да успеат, тие всушност го негираат нејзиниот авторитет. Вистина е дека бројни теории

и доктрини, за кои се смета дека произлегуваат од Библијата, немаат никаков темел во нејзиното учење и суштински се спротивставуваат на целиот глас на Вдахновението. Сето тоа во многу умови предизвикало сомневање и збунетост. Меѓутоа за тоа не треба да ја обвинуваме Божјата реч, туку човековото извртување на Писмото. {ПХ 108.2}

Кога на луѓето би им било овозможено целосно да го разберат Бога и Неговите дела, тие, откако ќе стигнат до оваа точка, би ја загубиле секоја можност и понатаму да ја откриваат вистината, да растат во познавањето, и понатаму да го развиваат умот и срцето. Бог повеќе не би бил највисок; а човекот би престанал да напредува. Да му заблагодариме на Бога што не е така. Бог е бесконечен. Во Него се „скриени сите сокровишта на мудроста и знаењето" (Колосјаните 2:3). Луѓето би можеле цела вечност секогаш да проучуваат, постојано да учат, но сепак никогаш да не ги исцрпат ризниците на Божјата мудрост, Неговата добрина и моќ. {ПХ 109.1}

Бог сака Неговиот народ веќе во овој живот постојано и сè подобро да се запознава со вистините на Неговото слово. Постои само еден начин да се добие ова знаење. Божјата реч може да ја разбереме единствено кога ќе нè просветли оној ист Дух, преку кого таа била дадено. „Па така и Божјото не го знае никој, освен Божјиот Дух; зашто Духот продира во сè, па дури и во длабочините Божји" (1. Коринтјаните 2:11,10). Спасителот на Своите следбеници им ветил: „ А кога ќе дојде Тој, Духот на Вистината, ќе ве упати во сета вистина... зашто од Моето ќе земе и ќе ви јави" (Јован 16:13,14). {ПХ 109.2}

Бог сака човекот да ги развива своите способности и моќта на расудување; а проучувањето на Библијата ќе го јакне и облагородува умот подобро од кое и да е друго проучување. Меѓутоа, треба да внимаваме да го обожаваме на разумот бидејќи тој е подложен на слабостите и недостатоците на човечкиот род. Ако не сакаме Писмото да ни биде неразбирливо, најјасните

вистини несфатливи, мораме да бидеме едноставни и да имаме вера на едно мало дете, да бидеме подготвени да учиме и да се молиме за помош на Светиот Дух. Свеста за Божјата сила и мудрост, како и нашата неспособност да ја сфатиме Неговата величина, треба да нѐ вдахне со понизност така што Неговото слово ќе го отвораме како да стапуваме во Негова близина со света стравопочит. Додека ја отвораме Библијата, нашиот разум мора да го признае авторитетот, кој е поголем од неговиот, а срцето и умот мора да се поклонат пред големиот ЈАС СУМ. {ПХ 109.3}

Многу текстови ни изгледаат тешки или нејасни, но Бог ќе ги направи јасни и разбирливи за оние, кои на овој начин се трудат да ги разберат. Меѓутоа, без водството на Светиот Дух, секогаш ќе бидеме склони да ги извртуваме Писмата или погрешно да ги толкуваме. Често самото читање на Библијата не носи никаква полза, туку, напротив, нанесува вистинска штета. Кога Божјата реч се отвора без почит и молитва; кога мислите и чувствата не се посветени на Бога, или не се во склад со Неговата волја, умот е замрачен со сомнеж; и во текот на самото проучување на Библијата јакне неверството. Непријателот го презема управувањето со мислите и предлага толкувања кои не се правилни. Кога луѓето не се трудат со збор и со дело да бидат во согласност со Бога, тогаш без оглед на степенот на нивното образование - тие се склони кон погрешно толкување на Писмата и затоа не можеме да имаме доверба во нивните толкувања. Оние кои ги истражуваат Писмата за да најдат противречности, немаат духовна проникливост. Таквото искривено гледање ќе ги наведе да пронајдат причина за сомнеж и неверство, дури и во она што е сосема јасно и едноставно. {ПХ 110.1}

Иако тие можеби го прикриваат тоа, во поголем број случаи вистинската причина за сомнеж и неверување е љубовта кон гревот. Учењата и ограничувањата што ги содржи Божјата реч не се добредојдени за горделивото срце кое го сака гревот, а оние кои не се подготвени да ги послушаат нејзините барања,

готови се да се посомневаат во нејзиниот авторитет. За да ја доловиме вистината, мораме да имаме искрена желба да ја запознаеме и готовност во срцето да ја послушаме. Сите оние кои со таков дух пристапуваат кон проучување на Библијата, ќе најдат изобилство докази дека таа е Божјо слово и ќе ги разберат нејзините вистини, кои ќе ги сторат мудри за спасение. {ПХ 111.1}

Христос рекол: „Ако некој сака да ја врши волјата Негова, ќе разбере дали е ова учење од Бога" (Јован 7:17). Наместо да приговарате и да се сомневате во она што не го разбирате, внимавајте на светлината што веќе ве осветлува, и ќе добиете поголема светлина. Со Христова благодат, извршете ја секоја должност којашто досега ви е јасно покажана, па ќе добиете способност да ги разберете и извршите и оние кои сè уште не ви се јасни. {ПХ 111.2}

Постои доказ кој им е достапен на сите - и на образованите и на неписмените - доказот на искуството. Бог нè повикува сами за себе да ја провериме вистинитоста на Неговото слово, веродостојноста на Неговите ветувања. Тој ни заповеда: „Вкусете и ќе видите, колку е добар Господ" (Псалм 34:8). Наместо да се потпираме на нечии зборови, треба сами да испитуваме. Тој изјавува: „Барајте и ќе добиете" (Јован 16:24). Неговите ветувања ќе се исполнат. Тие никогаш не изневериле и никогаш не можат да изневерат! И додека се приближуваме кон Исуса и се радуваме во Неговата совршена љубов, сомневањето и мракот ќе исчезнат во светлината на Неговото присуство. {ПХ 111.3}

Апостол Павле вели дека Бог „нè избави од власта на темнината и нè воведе во царството на Својот возљубен Син" (Колосјаните 1:13). А секој што преминал од смртта во живот е способен да потврди „дека Бог е вистинит" (Јован 3:33). Секој таков може да посведочи: „Ми беше потребна помош и ја најдов во Исуса. Секоја моја потреба беше задоволена, гладот на мојата душа беше задоволен. Библијата сега за мене е откровение на Исуса Христа. Прашувате зошто верувам во Исуса? Затоа што

Тој за мене е божествен Спасител! Зошто верувам во Библијата? Затоа што открив дека таа е Божји глас кој ѝ зборува на мојата душа!" И во себе можеме да најдеме докази дека Библијата е вистинита, дека Христос е Божји Син. Ние знаеме дека не сме прифатиле вешто измислени бајки. {ПХ 112.1}

Петар ги бодри своите браќа да напредуваат во „благодатта и во познанието на нашиот Господ и Спасител Исус Христос" (2. Петрово 3:18). Кога Божјиот народ расте во благодатта, тој сè појасно ќе ја разбира Божјата реч. Тој ќе пронаоѓа нова светлина и нова убавина во нејзините свети вистини. Тоа се покажало и во текот на историјата на Црквата во сите векови, и така и ќе продолжи до самиот крај. „Патеката на праведните е како болскава светлина, која свети сè повеќе и повеќе, дури не настане ден" (Изреки 4:18). {ПХ 112.2}

Гледајќи со вера во иднината на славната вечност, можеме однапред да се радуваме кога, според Божјото ветување, човечкиот разум непрестано ќе се развива, човечките способности ќе се соединат со божествените, а секоја душевна сила ќе дојде во директен допир со Изворот на светлината. Можеме да се радуваме, затоа што сè што нè збунувало во Божјото провидение, тогаш ќе биде разјаснето, дека сè што ни било тешко сфатливо, ќе добие свое објаснување; и таму каде со нашиот ограничен ум сме наидувале само на збрки и неостварени надежи, ќе видиме најсовршена и најубава хармонија. „Сега гледаме како низ огледало, нејасно, а тогаш - лице в лице; сега спознавам делумно, а тогаш ќе спознаам совршено како што и сум спознаен" (1. Коринтјаните 13:12). {ПХ 112.3}

13.

Радосни во Господа

Божјите деца се повикани да бидат Христови претставници откривајќи ја добрината и милоста на Господа. Како што Христос ни го откри вистинскиот карактер на Отецот, така и ние мораме да го откриеме Христа на светот кој сè уште не ја запознал Неговата нежна и милостива љубов: „Како што Ти Ме испрати Мене во светот" - кажува Исус - „така и Јас ги испратив во светот". „Јас во нив, а Ти во Мене ... за да знае светот дека Ти си Ме испратил" (Јован 17:18,23). Апостол Павле им пишува на Исусовите следбеници: „Зашто е очигледно дека сте Христово писмо", „кое го познаваат и го читаат сите луѓе" (2. Коринтјаните 3:3,2). Во секој од Своите следбеници, Исус му праќа послание на светот. Ако сте Христови следбеници, Тој и вам ви праќа такво писмо до вашето семејство, местото и улицата во која живеете. Исус, кој живее во вас, сака да им проговори на срцата коишто не Го познаваат. Можеби тие не ја читаат Библијата, или не го слушаат гласот кој им зборува од нејзините страници; тие во Божјите дела не ја гледаат Неговата љубов. Но, ако сте вие вистински Исусов претставник, може да се случи преку вас да

разберат барем нешто за Неговата добрина и да бидат наведени да ја запознаат Неговата добрина, да Го засакаат и да Му служат. {ПХ 115.1}

Христијаните се поставени да бидат светлоносци на патот кон Небото. Тие треба да сјаат кон светот со светлината со која Христос ги осветлил. Тие треба да живеат таков живот и да развиваат таков карактер, така што другите гледајќи ги нив, ќе стекнат правилна претстава за Христа и Неговата служба. {ПХ 115.2}

Ако сме Христови претставници, ние со нашиот начин на живот ќе придонесеме службата што Му е посветена Нему да изгледа поприврлечна, како што навистина е. Христијаните чијашто душа е полна со тага и меланхолија, кои постојано се жалат и приговараат, погрешно Го прикажуваат Бога и христијанскиот живот пред своите ближни. Тие оставаат впечаток дека на Бога не му е мило Неговите деца да бидат среќни и со тоа лажно сведочат против нашиот небесен Отец. {ПХ 116.1}

Сатаната ликува кога ќе ги наведе Божјите деца на неверство и малодушност. Тој ужива кога ќе види дека немаме доверба во Бога, кога се сомневаме во Неговата подготвеност и моќ да нè спаси. Нему му е драго кога ќе нè наведе на мислата дека Бог со делата на Своето провидение ќе ни нанесе штета. Сатаната се труди Господа да Го претстави како суштество без сомилост и милосрдие. Тој ја искривува вистината за Бога. Нашите мисли ги заробува со погрешни идеи за Бога; и наместо да се занимаваме со вистината за нашиот небесен Отец, многу често својот ум го ангажираме со она што сатаната го измислил за Него и го срамиме Бога со својата недоверба и мрморење против Него. Сатаната постојано се обидува верскиот живот да го направи мрачен. Тој сака да го прикаже како мачен и тежок; па кога христијанинот во својот живот прикажува таква религија, тој со своето неверство ги поддржува лагите на сатаната. {ПХ 116.2}

Мнозина, одејќи по својот животен пат, се занимаваат со своите грешки, неуспеси и разочарувања и нивните срца се пол-

ни со болка и обесхрабрување. Додека престојував во Европа, ми пиша една сестра, која токму така се однесуваше и беше во длабок очај. Бараше да ѝ упатам некој збор на охрабрување. Ноќта, откако го прочитав нејзиното писмо, сонував дека се наоѓам во една градина и некој, кој изгледаше дека е сопственик на градината, ме водеше по нејзините патеки. Собирав цвеќиња и уживав во нивниот мирис, кога оваа сестра, чекорејќи покрај мене, го сврте моето внимание на некои грди трња кои ѝ пречеа при одењето. Поради тоа се жалеше и тагуваше. Таа не одеше по патеката, следејќи го Водичот, туку низ трњето. „Оф!" - се жалеше таа - „зар не е жалосно што оваа прекрасна градина е нагрдена со трње?" Тогаш Водичот рече: „Остави го трњето, зашто тоа само ќе те ранува! Бери ги трендафилите, лилјаните и розите!" {ПХ 116.3}

Зарем во вашето искуство немало и некои светли точки? Зарем не сте доживеале и некои скапоцени моменти кога вашето срце треперело од радост, како одговор на влијанието на Божјиот Дух? Кога повторно ќе погледнете на поглавјата на вашето животно искуство, зарем не наидувате и на некои пријатни страници? Зарем Божјите ветувања, слично на миризливото цвеќе, не растат долж вашата патека на секој чекор? Зарем нема да ѝ дозволите на нивната убавина и милина да го исполнат вашето срце со радост? {ПХ 117.1}

Трњето само ќе ве ранува и жалости; и ако го берете и им го покажувате на другите само тоа, зарем нема на тој начин да ја презрете не само Божјата добрина, туку и другите околу себе да ги спречите да одат по патеката на животот? {ПХ 117.2}

Не е мудро да се собираат само непријатни сеќавања од минатиот живот – сите неправди и разочарувања - да разговараме за нив и да се жалиме на нив сè додека не нè совлада обесхрабрување. Обесхрабрената душа е обвиткана со темнина, таа ја изгонува Божјата светлина од срцето и фрла сенка врз патот на другите. {ПХ 117.3}

Му благодариме на Бога за блескавите сцени што ни ги покажал. Да ги собереме сите тие благословени докази на Неговата љубов, и постојано да ги имаме пред очите: Божјиот Син како го напушта престолот на својот Отец, облекувајќи ја Својата божествена природа со човечка, за да може да го избави човекот од силата на сатаната; Неговата победа во наше име, која на човекот му го отворила небото и на човековиот поглед му овозможила да sирне во просториите каде божеството не ја засолнува својата слава; грешниот род издигнат од бездната на пропаста во која го турнал гревот и повторно доведен во врска со бесконечниот Бог, и откако ги издржал сите искушенија преку вера во нашиот Откупител, облечен во Христовата праведност и вознесен на Неговиот престол - тоа се сцени за кои Бог сака да размислуваме! {ПХ 118.1}

Кога оставаме впечаток дека се сомневаме во Божјата љубов, дека немаме доверба во Неговите ветувања, го срамиме Бога и го жалостиме Светиот Дух. Како би се чувствувала мајката, кога нејзините деца постојано би се жалеле на неа, како таа да не им сака добро, а таа во текот на целиот свој живот се трудела да ги заштити нивните интереси и да ги опкружи со удобност? Сознанието дека нејзините деца можат да се посомневаат во нејзината љубов би го скршило нејзиното срце. Како би се чувствувал кој и да е родител, кога децата така би постапувале со него? А што може да мисли нашиот небесен Отец за нас кога немаме доверба во Неговата љубов, која го навела да Го жртвува Својот Единороден Син за ние да имаме живот? Апостолот пишува: „Кој не Го поштеди ни Својот сопствен Син, туку Го предаде за нас сите, зарем нема да ни подари со Него сè?" (Римјаните 8:32). Па сепак, колку има такви кои кажуваат, ако не со зборови тогаш со своите дела: „Со тоа Бог не мислел на мене. Можеби Тој ги сака другите, но Тој не ме сака мене!" {ПХ 118.2}

Сето тоа ѝ нанесува штета на вашата душа; бидејќи со секој збор на сомнеж го повикувате сатаната да ве искушува; таквиот

збор ја јакне склоноста кон сомневањето, а со неа ги жалостите ангелите кои ви служат. Кога сатаната ве искушува, немојте да изговорите ниту еден сомнежлив или мрачен збор. Ако одлучите да ја отворите вратата за неговите сугестии, вашиот ум ќе биде исполнет со недоверба и со бунтовни сомневања. Ако ги изразите своите чувства, секое сомневање што сте го изговориле не само што остава трага врз вас, туку станува семе што ќе 'рти и ќе донесува род во животот на другите, и можеби никогаш не ќе може да се поништи влијанието на вашите зборови. Можеби вие сами ќе успеете да закрепнете од нападите на искушенијата и да се извлечете од стапиците на сатаната, но другите, кои се занишани од вашето влијание, можеби не ќе можат да му се спротивстават на неверството на кое сте ги навеле. Колку е тогаш важно да зборуваме само за она што на другите ќе им даде духовна сила и живот! {ПХ 119.1}

Ангелите внимателно го следат она што вие и на кој начин му зборувате на светот за вашиот небесен Учител. Затоа зборувајте за Него како за Оној, кој живее за да ве застапува пред Отецот. Кога се ракувате со пријател, од вашите усни и од вашето срце нека се слушне фалење на Бога. Ова ќе ги насочи неговите мисли на Исуса. {ПХ 119.2}

Сите имаат неволји, болки кои тешко се поднесуваат, искушенија на кои тешко се спротивставуваат. Немојте за своите тешкотии да им кажувате на смртниците како што сте и вие, туку изнесете сè пред Бога во молитва. Придржувајте се кон правилото никогаш да не изговарате ниту еден збор на сомневање или обесхрабрување. Можете многу да сторите да го разведрите животот на другите и да ги зајакнете во нивните напори со зборови на надеж и света радост. {ПХ 119.3}

Постојат многу храбри луѓе, кои се наоѓаат во тешко искушение, и само што не потклекнале борејќи се со самите себеси и со силите на злото. Немојте да ги обесхрабрувате во нивната тешка борба. Разведрете ги со зборови на охрабрување и надеж

што ќе им дадат сила да тргнат напред. На тој начин Христовата светлина ќе зрачи од вас. „Зашто никој од нас не живее за себе" (Римјаните 14:7). Со нашето несвесно влијание, другите можат да бидат охрабрени и зајакнати или можат да бидат обесхрабрени и одвратени од Христа и од вистината. {ПХ 120.1}

Мнозина имаат погрешна претстава за животот и карактерот на Христа. Тие мислат дека на Христа му недостасувала ведрина и топлина, дека бил премногу сериозен, строг и невесел. Во многу случаи целокупниот верски живот е обоен со вакви мрачни ставови. {ПХ 120.2}

Често се зборува дека Исус плачел, но дека не е познато дека некогаш се насмевнал. Нашиот Спасител навистина бил човек на болка, запознаен со тагата, затоа што срцето му било отворено за сите човечки страдања. Но иако Неговиот живот бил исполнет со самооткажување, засенет со болки и грижи, Неговиот Дух не попуштил. Неговото лице не носело израз на тага и незадоволство, туку смирена ведрина. Неговото срце било извор на живот; и секаде каде што одел, донесувал спокојство и мир, радост и ведрина. {ПХ 120.3}

Нашиот Спасител навистина бил преокупиран со длабоко размислување и бил необично сериозен, но никогаш не бил намуртен и мрзоволен. Животот на оние што се угледуваат на Него ќе биде исполнет со сериозноста на животната цел и чувство за длабока лична одговорност. Нема да бидат лесноумни и ќе одбегнуваат бучна забава и недолични шеги, бидејќи Исусовата религија дава мир кој спокојно тече како река. Таа не го гаси пламенот на радоста; не го спречува пријатното расположение, не навлекува облаци врз ведрото, насмеано лице. Христос не дошол да Му служат, туку да служи; и ако во нашето срце е присутна Неговата љубов, ние ќе го следиме Неговиот пример. {ПХ 120.4}

Ако во своите мисли првенствено се задржуваме на нељубезните и неправедни постапки на другите, ќе биде невозможно

да ги сакаме онака како што Христос нè сака сите нас; но ако нашите мисли почиваат на Христовата чудесната љубов и милост кон нас, истиот дух и ние ќе го пренесуваме и на другите. Ние треба меѓусебно да се сакаме и почитуваме, и покрај грешките и маните кои со самото воочување не можеме да ги отстраниме. Мораме да се учиме на понизност, да учиме да не се потпираме на себе и да имаме нежно трпение кон грешките на другите. Сето тоа ќе ја оттргне тесноградата себичност и ќе нè направи великодушни и срдечни. {ПХ 121.1}

Псалмистот вели: „Верувај во Господ и прави добро, за да живееш на земјата и да уживаш во спокојство" (Псалм 37:3). „Верувај во Господ!" Секој нов ден донесува свој товар, свои грижи и недоумици; и кога ќе се сретнеме со пријателите и познаниците, веднаш сме подготвени да зборуваме за нашите тешкотии и неволји? Толку туѓи грижи на тој начин ни се наметнуваат, толку се препуштаме на стравови, толку грижи покажуваме така што некој би можел да помисли дека немаме милостив, нежен Спасител, кој е секогаш готов да ги чуе нашите молби и веднаш да ни укаже помош кога ќе ни затреба. {ПХ 121.2}

Некои постојано се плашат и измислуваат неволји. Секој ден се опкружени со доказите на Божјата љубов; секој ден уживаат во даровите на Неговото Провидение; но тие не ги забележуваат благословите со кои се опсипани. Нивниот ум постојано се задржува само на непријатностите за кои се плашат дека ќе ги снајдат; но ако се најде некоја вистинска тешкотија, таа иако мала, толку ги заслепува нивните очи што не ги гледаат мноштвото дарови за кои треба да искажат благодарност. Тешкотиите со кои се соочуваат, наместо да ги приближат до Бога, единствениот извор на помош, ги оддалечуваат од Него, бидејќи будат немир и незадоволство. {ПХ 121.3}

Дали правиме добро со тоа што сме толку неверни? Зошто треба да бидеме неблагодарни и недоверливи? Исус е наш пријател; целото Небо е заинтересирано за наше добро. Не смееме

да дозволиме збунетоста и грижите на секојдневниот живот да ги нагризуваат мислите и да го муртат нашето чело. Ако тоа го дозволиме, секогаш нешто ќе ни пречи и ќе нè вознемирува. Ние не смееме да им се препуштиме на грижите кои само нè исцрпуваат, а нема да ни помогнат да ги поднесеме неволјите. {ПХ 122.1}

Можеби имате тешкотии во работата, можеби вашите изгледи се сè помрачни и помрачни, можеби ви се заканува загуба; но немојте да се обесхрабрувате; фрлете му ги вашите грижи на Бога и останете смирени и расположени. Молете се за мудрост и разумно управувајте со работите и така ќе ја спречите загубата и пропаста. Сторете сè од своја страна за да постигнете поволни резултати. Исус ветил своја помош, но не без соодветни напори и од наша страна. Кога сте сториле сè што сте можеле, потпирајќи се на нашиот Помошник, радосно прифатете го исходот. {ПХ 122.2}

Бог не сака Неговиот народ да биде преоптоварен со грижи. Меѓутоа нашиот Господ не лаже. Тој не ни вели: „Не плашете се, нема опасности на вашиот пат!" Тој знае дека постојат искушенија и опасности и затоа со нас постапува отворено. Тој не се занимава со мислите дека Својот народ ќе го извлече од овој свет полн со зла и гревови, туку укажува на сигурното засолниште. Тој се молел за Своите ученици: „Не се молам да ги земеш од светот, туку да ги запазиш од злото!" Тој вели: „Во светот ќе имате маки; но не плашете се, зашто Јас го победив светот!" (Јован 17:15; 16:33). {ПХ 122.3}

Во Својата проповед на Гората, Христос на Своите ученици им дал драгоцени поуки во врска со потребата од доверба во Бога. Тие поуки се дадени со цел да ги охрабрат Божјите деца низ сите векови, а стигнале и до наши дни носејќи ни бројни совети и утехи. Спасителот Своите следбеници ги потсетил на птиците во воздухот, кои ги пееле своите пофални песни, неоптоварени од никакви грижи, зашто „ни сеат, ни жнеат", а сепак големиот Отец ги задоволува нивните потреби. Спасителот прашува:

„Зар не сте вие многу поскапи од нив?“ (Матеј 6:26). Големиот Старател кој ги чува и луѓето и животните ја отвора Својата рака и ги снабдува сите Свои созданија. Птиците во воздухот не се недостојни за Негово внимание. Тој не става храна во нивните клунови, но се грижи за сите нивни потреби. Тие мораат да ги собираат зрната што Тој ги растурил за нив. Тие сами мораат да собираат материјал за своите малечки гнезда. Мораат да ги хранат своите млади. Тие пеејќи одат на својата работа, зашто „вашиот небесен Отец ги храни.“ „Зар не сте вие многу поскапи од нив?“ Зар вие, како интелигентни, духовни суштества, не сте многу поскапи од птиците во воздухот? Зар Создателот на нашето битие, Чуварот на нашиот живот, Оној што нè создал според Својот божествен лик, нема да се погрижи за сите наши потреби само ако се надеваме на Него? {ПХ 123.1}

На Своите ученици Исус им укажал на полското цвеќе како расте во сјај и раскош, блескајќи со својата природна убавина што му ја дал небесниот Отец, како израз на Неговата љубов кон човекот. Тој рекол: „Погледнете ги полските кринови како растат!“ Убавината и едноставноста на овие природни цвеќиња, далеку го надминуваат Соломоновиот сјај. Најубавата облека, што ја прави уметникот со својата вештина, не може да го издржи споредувањето со природната милност и со блескавата убавина на цвеќето што Бог го создал. Исус прашал: „Ако полската трева, што денеска ја има, а утре во оган се фрла, Бог така ја облекува, а колку повеќе ќе стори за вас, маловерни?!“ (Матеј 6:28,30) Кога Создателот, како најсовршен Уметник, на едноставното цвеќе што пропаѓа за еден ден, му дава нежни и различни бои, колку повеќе ќе се грижи за оние што ги создал според Својот лик? Оваа Христова поука претставува прекор за претераната загриженост, за збунетоста и сомнежот на неверното срце. {ПХ 123.2}

Господ сака сите Негови деца, синови и ќерки да бидат среќни, спокојни и послушни. Исус вели: „Мир ви оставам; мирот

Свој ви го давам; Јас ви го давам, но не како што го дава светот. Да не се плаши срцето ваше, ниту да страхува!" „Ова ви го реков за да остане радоста Моја во вас и радоста ваша да биде полна" (Јован 14:27; 15:11). {ПХ 124.1}

Среќата што ја бараме од себични мотиви, надвор од патот на должноста, е несигурна, непостојана и минлива, исчезнува оставајќи во душата чувство на самотија и тага; меѓутоа службата Божја донесува радост и задоволство; христијанинот не е оставен да оди по несигурни патишта; не е препуштен на залудни жалости и разочарувања. Ако немаме наслада во овој живот, сепак можеме да бидеме радосни очекувајќи го идниот. {ПХ 124.2}

Меѓутоа, дури и овде христијаните можат да ја уживаат радоста на заедништвото со Христа; тие можат да ја имаат светлината на Неговата љубов, постојана утеха во Неговата присутност. Секој чекор во животот може да нè доведе поблизу до Исуса, може да ни даде подлабоко искуство во Неговата љубов и може за чекор да нè доближи до блажениот дом на мирот. Затоа да не ја отфрлиме нашата доверба, да бидеме сосема сигурни, посигурни од кога и да е. „До овде ни помогна Господ" (1. Самоилова 7:12) и Тој ќе ни помага сè до крај! Нека, како монументалните столбови, пред очите секогаш ни биде сеќавањето на сè она што Господ сторил за да нè утеши и да нè спаси од рацете на уништувачот. Живо да се сеќаваме за секое дело на нежното милосрдие што Бог го сторил - за солзите што ни ги избришал, за болките што ни ги ублажил, за грижите што ни ги отстранил, за стравот што ни го растерал, за потребите што ни ги задоволил, за благословите што ни ги излеал. Тоа ќе нè зајакне за сето она што нè очекува во преостанатиот дел од нашиот овоземен пат. {ПХ 125.1}

Судирот што е пред нас може да ни донесе само нови компликации и неволји, меѓутоа, имајќи го во предвид она што се случило во минатото како и она што ќе се случи во иднината

можеме да гледаме и да кажеме: „До овде ни помогна Господ!" „Додека траат твоите денови, ќе трае и твојата сила" (Повторени закони 33:25). Неволјите никогаш нема да ја надминат силата, која ни е дадена за да ја поднесеме неволјата. Затоа, да ги прифатиме своите должности таму каде што ќе ги најдеме, верувајќи дека што и да се случи, ќе добиеме доволно сила да ја поднесеме неволјата. {ПХ 125.2}

Набргу, вратите на Небото ќе се отворат да ги примат Божјите деца, а од усните на Царот на славата, како најубава музика, ќе одекнат зборовите на благослов: „Дојдете, благословени од Мојот Отец; наследете го царството, подготвено за вас од почетокот на светот!" (Матеј 25:34). {ПХ 125.3}

Тогаш откупените ќе бидат пречекани со добредојде во домот што Христос им го подготвува. Таму нема да им прават друштво земните расипници, лажливците, идолопоклониците, расипаните, неверните, туку ќе се дружат со оние кои го совладале сатаната и преку Божјата благодат формирале совршен карактер. Секоја грешна склоност, секое несовршенство, што ги мачеле овде, отстранети се со Христовата крв и тие се облечени во совршенството и сјајот на Неговата слава што далеку го надминува сјајот на Сонцето. Моралната убавина, совршенството на Христовиот карактер, зрачи од нив, далеку надминувајќи ја вредноста на надворешната раскош. Тие се без мани пред големиот бел престол, споделувајќи го достоинството и привилегиите на ангелите. {ПХ 126.1}

Имајќи го во предвид ова славно наследство, кое можеби е негово, „каков откуп ќе даде човекот за својата душа?" (Матеј 16:-26). Иако можеби овде е сиромашен, сепак поседува достоинство и богатство, кое светот никогаш не може да му го даде. Душата откупена и исчистена од гревот, која сите свои благородни сили ги ставила во служба на Бога, има непроценлива вредност; и кога една душа ќе се спаси, радоста на Небото во присуство на Бога и светите ангели се изразува со песни на свет триумф. {ПХ 126.2}

СОДРЖИНА

1. Божјата љубов кон човекот.....5

2. На грешникот му е потребен Христос.....13

3. Покајание.....19

4. Признавање.....33

5. Посветување.....39

6. Вера и прифаќање.....45

7. Вистински Христови следбеници.....51

8. Растење во Христа.....59

9. Живот и работа.....67

10. Познавање на Бога.....75

11. Молитвата како предност.....83

12. Што да правиме со сомневањето?.....95

13. Радосни во Господа.....103